# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕКТОРОТ НА МСП ЗА 2021

АГЕНЦИЈА ЗА ПОДДРШКА НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Извештајот го подготви Институт за одржливост ЕКОС – Скопје
Раководител на тим: проф. д-р Филип Ивановски
Главен истражувач: докторанд Македонка Димитрова
Истражувачи: докторанд Надежда Поп-Костова, проф. д-р Димитар Ковачевски, проф. д-р Елена Бундалеска и м-р Сандра Темова

Ноември 2022

Авторските права на овој извештај ги задржува Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија

При користење на информациите од овој документ во целост или на делови од истиот потребно е да се референцира документот на следниот начин:
*Годишен извештај за секторот на МСП за 2021. Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија*

СОДРЖИНА

Извршно резиме ..................... 8
1. Улогата на МСП во економскиот развој ..................... 10
1.1 Стратешка рамка за развој на МСП ..................... 12
2. Макроекономска состојба во 2021 година ..................... 18
2.1 Глобална макроекономска состојба ..................... 18
2.2 Макроекономско опкружување во РСМ ..................... 19
2.3 Бруто додадена вредност на производство по основни цени ..................... 22
3. Правна регулатива ..................... 26
3.1 Преглед на правна рамка ..................... 26
3.2 Класификација на претпријатијата ..................... 28
3.3 Отворање на бизнис ..................... 30
4. Демографија на претпријатијата ..................... 33
4.1. Активни претпријатија по сектори во 2021 година ..................... 34
4.2. Бизнис демографија и бизнис динамика ..................... 36
4.2.1. Демографија на претпријатија според основањето ..................... 37
4.2.2 Активни претпријатија по општини ..................... 38
4.2.3 Трговец поединец ..................... 42
4.2.4. Занаетчиство и креативни индустрии ..................... 43
4.3. Влијание на Ковид-19 на МСП ..................... 44
4.3.1 Состојби кај угостителските претпријатија предизвикани од Ковид -19 ..................... 45
5. Трговија ..................... 47
5.1. Извоз ..................... 48
5.2. Увоз ..................... 49
5.3. Обем на размена и трговски дефицит ..................... 50
5.4 Дигитална трансформација на деловниот сектор ..................... 51
5.5 Електронска трговија ..................... 53
6. Пазар на труд ..................... 59
6.1 Вработување ..................... 59
6.2 Самовработување ..................... 64
6.3 Вработување по сектори на економска активност ..................... 65
6.4 Вработување според видот на сопственост на претпријатијата ..................... 67

6.4.1 Креативни индустрии ........................................................................................... 69
6.5 Невработеност во Република Северна Македонија ..................................................... 70
6.6 Програми за поддршка на вработувањето ..................................................................... 72
7. Финансиска состојба и финансирање на МСП ................................................................. 76
7.1 Финансиска поддршка за МСП ............................................................................................ 79
7. Општествена одговорност и Цели за одржлив развој на Обединетите нации ............. 82
Користена литература ............................................................................................................. 86

Листа на графици

График 1. БДП по глава на жител (годишно, %) .................................................................. 19
График 2. Инфлација, во потрошувачки цени (годишно %) ................................................ 20
График 3. Основања, промени и бришења на правни субјекти............................................ 28
График 4. Број на активни претпријатија од 2018 до 2021 .................................................... 33
График 5. Активни претпријатија според класификација по големина во 2021 ................. 34
График 6. Активни деловни субјекти по општини за 2021 година ....................................... 39
График 7. Стоковна размена според економските групации на земјите: Извоз, 2021 година ........................................................................................................................................ 49
График 8. Стоковна размена според економските групации на земјите: Увоз, 2021 година ........................................................................................................................................ 49
График 9. Надворешна трговија, десетгодишен преглед ...................................................... 50
График 10. Покриеност на извозот со увозот, 2012 -2021 година ........................................ 51
График 11. Пораст на е-трансакциите кон домашни и странски е-трговци по години, и пораст во % ................................................................................................................................ 53
График 12. Надоместоци на продажното место..................................................................... 55
График 13. Дигитална зрелост на компаниите според големината, 2021 година................ 57
График 14. Работоспособно население, стапка на активност, вработеност и невработеност, споредбен приказ на 2020 и 2021 година ................................................................................ 60
График 15. Работоспособно население според економската активност, споредбен приказ на 2020 и 2021 година................................................................................................................ 60
График 16. Стапки на вработеност според највисокото стекнато ниво на образование во 2020 и 2021 година...................................................................................................................... 61
График 17. Вкупно просечна исплатена месечна бруто-плата, во денари, 2017-2021......... 62
График 18. Просечна исплатена месечна нето-плата по вработен, споредбен приказ за 2020 и 2021 година................................................................................................................................ 63
График 19. Просечни бруто и нето-плати во % и просечни нето-плати по сектори во % .. 64
График 20. Вработени според секторите на дејност на деловниот субјект во 2021 година 66
График 21. Вработени според видот на сопственоста на деловниот субјект и полот, 2021 година .......................................................................................................................................... 67
График 22. Вработени според економски статус и пол, споредбен приказ на 2020 и 2021 година .......................................................................................................................................... 68
График 23. Пазар на труд во ЕУ во креативните индустрии во %, 2019-2021 година ........ 69
График 24. Стапка на невработеност, од 2017-2021 година .................................................. 71
График 25. Невработени според школската подготовка во 2021 година ............................ 72
График 26. Долг на корпоративниот сектор (горе лево), придонес во годишниот раст на вкупниот долг на корпоративниот сектор според типот на доверител (горе десно) и структура на долгот на корпоративниот сектор според типот на доверител (долу лево и десно) ............................................................................................................................................. 77
График 27. Избрани показатели за задолженоста на корпоративниот сектор, 2017-2021 .. 78
График 28. Број на финансирани проекти според програма, ФИРТ, 2019-2021 ................. 80

Листа на табели

Табела 1. Развојни програми за МСП ......................................................................................... 16

Табела 2. Основни економски показатели за македонската економија, преглед на годишно ниво во % од 2008 до 2021 година ..... 20
Табела 3. Бруто-домашен производ според производниот метод, по години (од тримесечните пресметки на БДП) ..... 23
Табела 4. Бруто-домашен производ според производниот метод, тековни цени ..... 24
Табела 5. Дефиниција за ММСП ..... 29
Табела 6. Тарифник на услуги за фирмите ..... 31
Табела 7. Активни претпријатија по сектори на дејност и број на вработени во 2021 ..... 35
Табела 8. Број на новорегистрирани и неактивни претпријатија (2020-2022) ..... 37
Табела 9. Организационен облик на трговски друштва во 2021 ..... 38
Табела 10. Активни претпријатија по големина и општини во 2021 година ..... 40
Табела 11. Демографија на трговец-поединец во 2021 година ..... 42
Табела 12. Стоковна размена, 2021 ..... 47

Кратенки

АВРСМ - Агенција за вработување на Република Северна Македонија

АППРСМ – Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија

БДП - Бруто домашен производ

БГП - Бруто годишен приход

Влада - Влада на Република Северна Македонија

ИТ – Информатичка технологија

ИПА - Инструментот за претпристапна помош

ЕУ - Европска Унија

ЕФТА - Европската асоцијација за слободна трговија

ЗТД - Закон за трговски друштва

МКД - Македонски денар

ММСП - Микро, мали и средни претпријатија

МСП - Мали и средни претпријатија

НБРСМ – Народна банка за Република Северна Македонија

РСМ - Република Северна Македонија

САА - Спогодбата за асоцијација и стабилизација

УНДП – Развојна програма на Обединетите нации

УНИЦЕФ – Фондот за деца на Обединетите нации

УСАИД – Агенција за меѓународен развој на С.А.Д.

ФИТР – Фонд за иновации и технолошки развој

ЦЕФТА - Средноевропски договор за слободна трговија

ЦРРСМ - Централен регистар на Република Северна Македонија

## Извршно резиме

Последиците од светската здравствена криза предизвикана од пандемијата на вирусот Ковид -19 се прелеаја во 2021 година. Новонастанатата ситуација влијаеше на задолжувањето, финансиските пазари, деловните субјекти и населението. Акцентот беше ставен на враќањето во „новата нормала“ и на справување со промените во работењето на компаниите предизвикано од дигиталното извршување на задачите во домашни услови и вонредни услови, промени во однесувањето на потрошувачите, како и промени во ланецот на вредности. Секторот на МСП се соочи со проблеми при вработување на нови лица поради порастот на побарувачката.

Ранливата економска ситуација во 2021 година предизвика големи промени во начинот на работењето на ММСП како во светот, така во регионот на Западен Балкан и Република Северна Македонија. Економската опкружување дополнително негативно влијаеше на малите и онака слаби бизниси, но и на некои поголеми компании. Растечката инфлација, очекуваното зголемување на цените на електричната енергијата како и прекините во ланците на снабдување во голема мера влијаеше на позицијата на ММСП, некои компании ги прекинаа своите операции трајно, некои привремено, а некои пак пандемијата причини да се основаат. Иако процесите за менување се започнати, допрва ќе се согледуваат и анализираат во пост-пандемски економски услови, и тоа новите бизнис модели, прилагодување на политиките за извоз, човечки ресурси, финансии и маркетинг. Угостителскиот сектор е помеѓу на најоштетените, за кој се очекува бавно опоравување.

Економските мерки на Влада реализирани во текот на 2020 и почетокот на 2021 година, а распределени во 4 пакети, дадоа резултат во справувањето со кризата, задржување на работните места, одржување на ликвидност на компаниите пресудни за рестартирањето на економијата во 2021 година. Економијата ја поддржаа меѓународните организации преку проекти за олеснување на последиците од пандемијата кај компаниите. Дополнително, АППРСМ ги реализираше редовните програмски активности за поддршка на ММСП, ФИРТ

ги прошири активностите за дополнителна поддршка на младите компании и оние кои им требаше дополнителен импетус за продолжување на деловните активности, АВРСМ реализираше дел од поддршката за започнување сопствен бизнис во соработка со АППРСМ, а Министерството за економија ги реализираше предвидените буџетски средства за поддршка на конкурентноста и пласман на меѓународни пазари.

Во годините кои следат секторот на ММСП ќе биде исправен пред големи предизвици и промени кои ги носи дигиталното и работењето на далечина, одржливо работење, но и резервен план кој ќе помогне во намалување на последиците од слични вонредни ситуации.

# 1. Улогата на МСП во економскиот развој

Најважна улога во развојот на повеќето економии во светот, а особено кај земјите во развој и транзиција, играат микро, малите и средните претпријатија. Тие се најбројни во приватниот сектор, со застапеност од 90% на светско ниво, а вработуваат повеќе од 50% од работната сила.[1] Вработувањето би било поголемо доколку се земе предвид и неформалниот сектор. МСП Стратегијата за одржлива и дигитална Европа од март 2020 година, наведува дека секторот на МСП има улога на р’бетен столб во целокупната економија на ЕУ поради можноста за прилагодување кон промените и иновациите на помалите компании.[2]

Во 2021 година, 99,8% од вкупниот број на претпријатија во не-финансискиот сектор во земјите на ЕУ-27 биле МСП, истите вработувале 83 милиони лица или 64.4% од вкупната работна сила, и придонесувале за 51.8% од вкупната додадена вредност генерирана од не-финансискиот бизнис сектор. Како и во претходните години, претпријатија со помалку од 10 вработени биле најмногубројни и тоа со удел од 90% во сите МСП во ЕУ.[3] Развојот на МСП придонесува кон поголема искористеност на локалните ресурси, понатаму, искористеност на слободниот капитал на граѓаните со креирање на нови работни места, оттука, намалување на стапката на невработеност. Највисока додадена вредност на МСП се забележува во културните и креативните индустрии со учество од 57%, потоа социјална економија и цивилна безбедност, малопродажба, туризам, текстил и градежништво, додека заостануваат индустриските гранки како што се здравство, електроника, енергетика – обновливи извори, и воздухопловство и одбрана како резултат на додадената вредност кои ја генерираат микро фирмите.

[1] www.worldbank.org/en/topic/smefinance
[2] МСП Стратегија за одржливост и дигитална Европа, достапна на следниот линк
[3] Annual Report of European SMEs 2021-22

Економските институции во поголемиот дел од државите низ светот се повеќе ја разбираат важноста на МСП како главни двигатели на забрзување на економскиот раст и развиток на целокупната економска активност, поради што се преземаат мерки за поддршка, финансирање и подобрување на условите кон овој сектор, како клучен дел од нивните националните политики.

Во Република Северна Македонија, МСП се исто така најбројни, а интензивниот развој на претприемачката култура се одвива во последните две декади. По повеќе од дваесет години, голем напор на локалните засегнати страни и значајната донаторска поддршка за поттик на претприемништвото и развој на секторот, МСП заземаат клучна позиција во економијата на Република Северна Македонија. Формалните и неформалните образовни политики, политиката за развој на малите бизниси, меѓу која е и онаа на АППРСМ, индустриската политика, како и политиките за вработување даваат дополнителна поддршка кон претприемничката култура и растот на МСП.[4] Претприемништвото претставува алатка за стимулација на иновација и зголемување на конкурентноста на пазарот преку што се поттикнува растот на БДП, извозот, како и промоција на домашните производи на странските пазари.

По светската здравствена криза потребни се промени во политики за развој на секторот на МСП со фокус на индустриските гранки кои беа значително погодени. Микро претпријатијата треба дополнително да се поддржат на среден рок, а особено во време на неизвесност на здравствените текови и промена на работните навики и промените на начинот на работењето на организациите. Потребни се институционалната и финансиска поддршка за одржување на ликвидноста како и поволни гарантни и кредитни линии за одржување на висока конкурентност и иновативноста. Се разбира, потребно е создавање на опкружување во кое функционира законодавството и политика на нула-корупција. Во однос на макроекономските прилики од клучно значење се стабилноста на валутата, ниската стапка на инфлација и одржливите стапки на економскиот раст.

[4] Temova, et al. (2021).

Европската Унија, е пак, насочена кон целосна поддршка на развојот на секторот на микро МСП во делот на дигитализацијата поради малиот број на дигитализирани бизниси. Додека, одржлив економски развој ЕУ е насочена да постигне преку воведување на климатски неутрални технологии, ефикасно користење на ресурсите и намалување на јаглеродните емисиите.

## 1.1 Стратешка рамка за развој на МСП

Владата на Република Северна Македонија во однос на насоките на Европската Унија и локаните можности си трасира правците за постигнување повисок економски развој. Владата и Министерството за економија со неколку владини агенции ги предлагаат законските рамки, стратегиите и акционите планови кои задираат не само во економските политики туку се преплетуваат со политиките за индустриски развој, вработување, инфраструктурните политики, макроекономски, транспортни, правни, политики за заштита на животна средина, а со цел сеопфатен развој на државата. За секторот на микро МСП значајни се неколку стратегии, кои преку акциски планови ги реализираат зададените цели. Во 2021 година актуелни биле следните стратешки документи во надлежност на неколку сектори кои делуваат во рамки на Министерство за економија на Република Северна Македонија.

<u>Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година</u>[5]

Во оваа програма се третираат повеќе сегменти од живеењето и работењето, а за потребите на овој документ се издвоени само оние кои директно се однесуваат на економскиот развој. Се наведува дека Владата на Република Северна Македонија ќе води економска политика чија цел ќе биде развој на иновативноста и инвестиции во технолошкиот развој како шанса за посакуваната трансформација во економијата. Таквата економија ќе создаде поголема додадена вредност, ќе ги развива човечките ресурси и ќе обезбедува поголема продуктивност и повисоки плати. Исто така, Програмата предвидува конкретни мерки во повеќе сектори и потсектори.

[5] Врска со Програмата.

Индустриската стратегија на Република Северна Македонија 2018-2027[6]

Визијата на стратегијата цели кон *унапредување на индустријализацијата преку стимулирање на растот и развојот на преработувачката индустрија со цел зголемување на продуктивноста, создавање нови работни места, зголемување на приходите и зајакнување на човечкиот капитал, истовремено решавајќи ги предизвиците на циркуларната економија*. Со јасно поставени цели и индикатори за успех, стратегијата е насочена кон одржување и зголемување на уделот на преработувачката индустрија во БДП, не само од економски туку и од политичко-стратешко значење во контекст за пристапување кон ЕУ.

Понатаму, стратегијата го става фокусот на зголемување на конкурентноста на домашната индустријата и економијата преку пет области на делување, и тоа:

- меѓународна соработка и поттикнување странски директни инвестиции;
- применети истражувања, развој и иновации;
- развој на еколошки производи и услуги за одржлив развој;
- развој на МСП и претприемништво; и,
- Соработка во кластери и мрежи.

Меѓу другите, ги издвојуваме специфичните мерки за развој на МСП и претприемништво:

- поддршка на отворањето нови бизниси преку создавање поволна бизнис клима;
- поттикнување на програмите за доживотно учење за претприемништво; и,
- воведување нови финансиски инструменти за брзо растечките иновативни МСП.

Програма за конкурентност, иновации и претприемништво за 2021[7]

Владата донесе и Програма со која се уредува намената за средствата за унапредување на конкурентноста, иновациите и претприемништвото со вкупен износ од 68.800.000,00 денари од Буџетот на Република Северна Македонија од кои 50 мил. денари за Поддршка на развојот на мали и средни претпријатија и занаетчиство. Во овој документ, но и во

[6] Индустриската политика 2009-2020 подготвена од Министерство на економија на РСМ
[7] Програма за конкурентност, иновации и претприемништво за 2021 година; Владата на РСМ.

Извештајот за реализација на мерките за развој и поддршка на претприемништвото и МСП[8] во рамки на Мерка 1, кои се реализирале во 2021 година се следните:

- Финансиска поддршка на 101 микро и мали претпријатија во вкупен износ од 30.700.000,00 денари, за набавка на машини и алати, и инсталација на фотоволтаични панели затворен систем
- Финансиска поддршка за 27 претпријатија раководени од жени во вкупен износ од 3 мил. денари, за набавка на опрема и алати, уредување/подобрување на деловниот простор, воведување на софтверски решенија.
- Субвенционирање на трошоци на 89 занаетчиски претпријатија во вкупен износ од 6 мил. денари, за набавка на опрема и алати, и уредување/подобрување на деловниот простор.

Дополнително за поддршка и развој на МСП во рамки на програмата се креирани:

- Мерка 2 за развој и поддршка на интернационализацијата на МСП преку сертифицирање на ХАЛАЛ систем, спроведена кај 11 претпријатија во вредност од 1.5 мил. денари.
- Мерка 3 за стручно оспособување на вработените ја искористиле 5 претпријатија во висина од вкупно 1.487.200 денари

За мерките од областа Имплементација на индустриската политика се наменети средства во вкупен износ од 13 мил. денари и тоа за:

- Мерка 1 за зголемување на конкурентноста на деловните субјекти од преработувачка индустрија ја примениле 14 претпријатија. Од интерес за овој документ се мерките за кои дополнителна обука прави и Агенцијата за поддршка на претприемништвото преку обуките за консултанти и ММСП за дигитална трансформација и подигнување на свеста за придобивките од проекти за зголемување на енергетска ефикасност, воведување на концепт на циркуларна економија и зелена економија.

- Мерка 3 за надоместување на дел од трошоците на деловните субјекти за акредитирање на лаборатории, проширување на опсегот на акредитација на постоечките лаборатории за

[8] https://economy.gov.mk/content/downloads/documents/Izvestaj%202021.pdf

испитување на градежните производи за пуштање на пазарот квалитетни и безбедни градежни материјали или набавка на потребна опрема за лаборатории, ја искористиле шест претпријатија.

Средствата од предвидените мерки за Кластерско здружување се пренаменети со ребалансот на буџетот, затоа се целосно избришани.

Во однос на последната област на мерки, Општествена одговорност следното е реализирано:

- Мерка 1. Поддршка за развивање, одржување и применување социјално прифатливи практики на деловните субјекти спроведен е натпревар за општествени практики кај претпријатијата, поддржано е учество на вебинар, и надоместени се дел од трошоците за воведување и сертификација на систем за општествена одговорност на пет претпријатија.

<u>Националната стратегија за МСП 2018-2023</u>[9]

Исто така, од клучно значење за развој на секторот на МСП е и Стратегијата за МСП која е подготвена во согласност со Актот за мали претпријатија на Европската унија. Визијата на стратегија е *МСП да прераснат во двигатели на инклузивниот економски раст во Република Северна Македонија и во создавањето на продуктивни и одржливи работни места.* Стратегијата укажува на фактот дека Министерството за економија обезбедува надзор и лидерство во развојот на секторот за МСП, координирајќи и интегрирајќи ги политиките и програмите со клучните владини министерства, сектори и агенции, како и останатите засегнати субјекти во опкружувањето.

Стратегијата ги има поставено следните цели категоризирани во три пошироки сектори, види Табела 1.

[9] Националната стратегија за МСП (2018-2023).

*Табела 1. Развојни програми за МСП*

| СТОЛБ 1 | СТОЛБ 2 | СТОЛБ 3 |
| --- | --- | --- |
| Поволно деловно окружување | Зголемување и подобрување на можноста за раст на МСП | Динамичен екосистем на претприемништво и иновации |
| ПРОГРАМИ | | |
| Подобрување на креирањето на политиките и координацијата<br><br>Поедноставување на правното и регулаторното окружување<br><br>Зајакнување и институционализирање на социјалниот дијалог<br><br>Координирање на податоците за МСП и на следењето и оценувањето<br><br>Национална асоцијација на МСП | Подобрување на услугите за деловен развој<br><br>Подобрување на пристапот до финансии<br><br>Олеснување на интернационализацијата<br><br>Поддршка на развојот на вредносниот синџир | Проширување на претприемништвото во образованието и обуката<br><br>Подобрување на науката, технологијата и иновациите во развојот на МСП<br><br>Основање научни и технолошки паркови и инкубатори за иновации |

Министерството пристапи кон изготвување на нов Акциски план за периодот 2022 – 2023 година како продолжување на претходниот со важност за периодот од 2018-2020 година, а со назнака дека се реализирани следните активности

- Столб 1: Поволно деловно опкружување односно Подобрување на креирањето на политиките и координацијата формирано е Координативно тело кое ќе ја следи имплементацијата.

  Понатаму, Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија во континуитет се поддржува и се зголемува нејзиниот буџет за реализација на програмските активности.
- Во рамки на точната Поедноставување на правното и регулаторното опкружување, а на основа на препораките од Извештајот на Актот за мали претпријатија за земјите на Западен Балкан и Турција од 2021 ќе се разгледа можноста за воведување на МСП тест
- Продолжува спроведувањето на Стратегијата за формализација на неформалната економија 2018 -2022
- Понатаму, направен е исчекор со намалување на трошоците за старт-ап претпријатијата со усвоените измени на Законот за трговски друштва во делот на основање на претпријатие со основица од 1 евро

- Се продолжува и активноста Подобрување на координацијата во собирањето и употребата на податоците за МСП и следење и оценување на МСП преку изготвување на овој Извештај, Опсерваторија за МСП на АППРСМ.

Реализацијата на Стратегијата се реализира и со подобрувањето на деловниот развој преку инфраструктурната мрежа на седум регионални центри преку кои АППРСМ ефикасно ги реализира: ваучерскиот систем за субвенционирано советување, инфо-пулт, менторски услуги за ММСП, како и останатите програмски активности.

Стратегија за развој на женско претприемништво 2019– 2023[10]

Покрај овие стратегии, институциите во државата, поттикнати и поддржани од меѓународните институции, ставија фокус и на женското претприемништво. Визијата на стратегијата е зајакнување на женско претприемништво, додека главните цели се економско јакнење на жените преку создавање на поволна бизнис клима и обезбедување поддршка за развој на нивниот претприемнички потенцијал со што ќе придонесе кон развојот на постоечките и отворање на нови претпријатија, креирање на нови работни места, како и градење на претприемачки еко систем за континуиран развој на женско претприемништво.

Стратегија за финансиска едукација и финансиска инклузија 2021-2025[11]

Во 2021 година е донесена Стратегијата која има за цел да обезбеди финансиската инклузија преку соодветен пристап на, интер алиа, правните субјекти до различни видови финансиски производи и услуги, достапни на соодветен начин и под соодветни услови за сите заинтересирани лица (субјекти). Повисоката финансиска инклузија ќе овозможи користење на предностите од финансиските производи и услуги, што во крајна линија треба да го поддржи економскиот развој.

[10] Стратегија за развој на женско претприемништво во РМ 2019– 2023, изготвена за потребите на Министерството за економија со финансиска и техничка поддршка од GTF (Gender Task Force) - Иницијатива за одржлив раст, а во соработка со Здружението на бизнис жени во Македонија.
[11] Врска до Стратегијата

# 2. Макроекономска состојба во 2021 година

## 2.1 Глобална макроекономска состојба

Глобалната економија ја завршува 2021 година во многу полоша состојба од економските предвидувања. На светско ниво продолжените рестрикции за движење, беа предизвикани со појавата на Омикрон, нова варијанта на КОВИД-19. Воедно, растот на цените на електричната енергија и нарушување на синџирите на снабдување, придонесоа кон уште поголем раст на инфлацијата, особено во Соединетите Американски Држави, но и во многу други економии во развој. Покрај тоа, прекините во синџирите на снабдување, нестабилноста на цените на електричната енергијата и локализираните притисоци на платите на светско ниво, значат дека неизвесноста останува висока што особено се однесува на инфлацијата, и понатаму ги моделира насоките на глобалните и локалните политики. Зголемувањето на инфлација се очекува да се прелее и во 2022 година.

Глобалниот раст во 2021 година е 5,9%, а се очекува да паѓа до 4,4% во 2022 година односно до 3,8% во 2023 година. Големата здравствена криза и несигурноста која ја создава е сеуште присутна во глобалната економија. Кај напредните економии се забележа раст на каматните стапки, со што на ризик е ставена финансиската стабилност, како и валутите, капиталните средства, и фискалните позиции на младите пазари и економиите во развој. Ова е нагласено од значителното зголемување на нивото на задолжување на многу економии во изминатите две години. Геополитичките тензии се високи, што претставува дополнителен глобални ризик, како и состојбата со климатските промени кое носи со себе веројатност за големи природни катастрофи.

Цените на фосилните горива речиси се удвоија во 2021 година, зголемувајќи ги трошоците за електричната енергија и предизвикувајќи повисока инфлација, најмногу во Европа, а најголем придонес кон промената има цената на електричната енергија. Во меѓувреме, тековните прекини на синџирите на снабдување, затворените пристаништа, ограничувањата на движење по копно, како и високата побарувачка за стоки, исто така,

доведоа до проширување на ценовните притисоци, особено во Соединетите Американски Држави.

Подолу е прикажан БДП по глава на жител (годишно, %) за Европската Унија, Велика Британија, САД, Кина, Јапонија, Руската Федерација и Република Северна Македонија. Кај сите земји, федерации или групации во 2021 година се забележува драстичен пораст кај годишниот БДП по глава на жител (%), по големиот пад во 2020 година поради светската пандемија. Ова главно се должи на експанзивното заживување на економијата и на начинот на живот, по отфрлање на поголемиот број на рестрикции поврзани со КОВИД-19 пандемијата.

*График 1. БДП по глава на жител (годишно, %)*




*Извор: База на податоци на Светска Банка*

## 2.2 Макроекономско опкружување во РСМ

Во 2020 година, светот се соочи со директните последиците од здравствената криза, додека во 2021 бавното закрепнување беше попречено од дополнителни пост-ефекти од светската пандемија. Дел од тие последици се прекини во синџирите на снабдување, со кое се забави закрепнувањето на индустриското производство, потоа раст на цените на светските берзи

на примарните производи како што се нафтата и прехранбените производи, но и значително зголемување кај цените на електричната енергија и гасот.

*График 2. Инфлација, во потрошувачки цени (годишно %)*




*Извор: База на податоци на Светска Банка, 2022 година*

Инфлациските движења на глобално ниво беа со растечки тренд, што се одрази на македонската економија која е зависна од увозот на суровини за производство. Според податоците за инфлацијата во однос на потрошувачките цени, Република Северна Македонија (7,83%) е двојно на светскиот просек (3,23%) на инфлација, но инфлацијата бележи нагорна линија од 2020 година по забележеното забавување од 2017 и 2018 и благиот пад во 2019 година. Растот на цените на меѓународните пазари придонесе кон зголемена инфлација и на локално ниво.

Во 2021 година во Република Северна Македонија, стапката на инфлација за беше 3,23% во просек (наспроти 1,2% во 2020), додека забележан беше економски реален раст од 4%, што е согласно очекувањата од октомвриската проекција на НБРСМ (3,9%), а домашната валута беше стабилна во 2021 година, види Табела 2.

*Табела 2. Основни економски показатели за македонската економија, преглед на годишно ниво во % од 2008 до 2021 година*

| *годишни промени, во %* | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Реален сектор** | | | | | | | | | | | | | | |
| Бруто домашен производ * | 5.5 | -0.4 | 3.4 | 2.3 | -0.5 | 2.9 | 3.6 | 3.9 | 2.8 | 1.1 | 2.9 | 3.9 | -6.1 | 4.0 |
| Инфлација | 8.3 | -0.8 | 1.6 | 3.9 | 3.3 | 2.8 | -0.3 | -0.3 | -0.2 | 1.4 | 1.5 | 0.8 | 1.2 | 3.2 |
| Стапка на невработеност | 33.8 | 32.2 | 32.1 | 31.4 | 31.0 | 29.0 | 28.0 | 26.1 | 23.7 | 22.4 | 20.7 | 17.3 | 16.4 | 15.7 |
| **Надворешен сектор** | | | | | | | | | | | | | | |
| Биланс на тековна сметка (% од БДП) | -12.7 | -6.8 | -2.0 | -2.5 | -3.2 | -1.6 | -0.5 | -2.0 | -2.9 | -1.0 | -0.1 | -3.3 | -3.4 | -3.5 |
| Трговски биланс (% од БДП) | -28.6 | -25.8 | -21.6 | -25.2 | -26.5 | -22.9 | -21.7 | -20.1 | -18.8 | -17.8 | -16.2 | -17.3 | -17.0 | -20.2 |
| Странски директни инвестиции (% од БДП) | 6.0 | 2.0 | 2.2 | 4.6 | 1.7 | 2.8 | 2.3 | 2.2 | 3.3 | 1.8 | 5.6 | 3.2 | 1.5 | 3.7 |
| Бруто надворешен долг (% од БДП) ** | 48.8 | 55.9 | 57.8 | 61.2 | 66.1 | 64.0 | 70.0 | 69.3 | 74.7 | 73.4 | 73.0 | 72.4 | 80.3 | 80.2 |
| Бруто девизни резерви (во милиони ЕУР) | 1494.9 | 1597.5 | 1714.5 | 2068.9 | 2193.3 | 1993.0 | 2436.5 | 2261.8 | 2613.4 | 2336.3 | 2867.1 | 3262.6 | 3359.9 | 3643.3 |
| **Монетарен сектор** | | | | | | | | | | | | | | |
| Парична маса (М4) | 11.8 | 5.7 | 12.1 | 9.5 | 4.4 | 5.2 | 10.6 | 6.9 | 6.2 | 5.1 | 11.8 | 9.3 | 6.9 | 7.0 |
| Вкупни кредити | 34.4 | 5.2 | 7.0 | 8.4 | 5.6 | 6.6 | 10.0 | 9.6 | 6,5*** | 5.4 | 7.3 | 7,6*** | 4.7 | 8.3 |
| Вкупни депозити (со депозитни пари) | 8.9 | 17.8 | 12.8 | 9.1 | 4.4 | 5.4 | 10.5 | 6.4 | 6.1 | 5.0 | 12.1 | 9.0 | 5.7 | 7.5 |
| **Фискален сектор** | | | | | | | | | | | | | | |
| Буџетско салдо (% од БДП) | -0.9 | -2.6 | -2.4 | -2.5 | -3.8 | -3.8 | -4.2 | -3.5 | -2.7 | -2.7 | -1.8 | -2.0 | -8.2 | -5.4 |
| Јавен долг (% од БДП) | 23.0 | 26.2 | 27.2 | 32.0 | 38.3 | 40.3 | 45.8 | 46.6 | 48.8 | 47.7 | 48.4 | 49.2 | 61.0 | 60.8 |
| **Банкарски сектор** | | | | | | | | | | | | | | |
| Стапка на адекватност на капиталот (%) | 16.2 | 16.4 | 16.1 | 16.8 | 17.1 | 16.8 | 15.7 | 15.5 | 15.2 | 15.7 | 16.5 | 16.3 | 16.7 | 17.3 |
| Нефункционални кредити на нефинасискиот сектор/ бруто кредити (%) | 6.8 | 9.1 | 9.3 | 9.9 | 10.5 | 11.5 | 11.3 | 10.8 | 6.6 | 6.3 | 5.2 | 4.8 | 3.4 | 3.2 |
| Ликвидна актива / вкупна актива (%) | 22.9 | 25.6 | 30.9 | 31.2 | 32.4 | 31.2 | 29.8 | 28.2 | 28.9 | 27.1 | 26.7 | 26.9 | 23.3 | 23.0 |

Извор: НБРСМ, ДЗС, Министерство за финансии.
* Претходен податок за 2020, проценет податок за 2021.
** Без обврски на монетарната власт (без репо договори)
*** Коригирано за отписите.

*Извор: Народна Банка на Република Северна Македонија*

НБРСМ во нивниот годишен извештај за 2021 објави дека беше остварен умерен дефицит од 3,5% од БДП, што е близок кон минатогодишниот дефицит, но се остварени спротивни движења кај основните компоненти во споредба со лани. Во 2021 се остварени проширувања кај дефицитот во размената на стоки, наспроти 2020 година. Во втората година од пандемијата (2021 г.) дојде до нормализација на приватните трансфери, поради намалените мерки за прекугранично движење. Вкупниот јавен долг на крајот на 2021 година беше 60,8% од БДП (61% од БДП во однос на претходната година). Странските директни инвестиции се зголемија и достигнаа 3,7% од БДП.

НБРСМ се заложува за поголема транспарентност преку новиот унифициран пристап на целиот банкарски систем, со што на граѓаните им се овозможува целосна информираност за седум најзначајните аспекти коишто треба да ги имаат предвид при разгледувањето на одделните кредити и депозити. Оваа активност е дел од активностите предвидени со Стратегијата за финансиска едукација и финансиска инклузија 2021 – 2025, стратегиска

рамка на НБРСМ преку која ќе се овозможи систематски пристап на сите вклучени страни заради зајакнување на финансиската писменост на населението, подобрување на степенот на финансиска инклузија, при истовремено обезбедување соодветна заштита на потрошувачите.

Исто така, во 2021 година е забележан годишен раст кај депозитите и кредитите на банките од 7,5% и 8,3%. Важно е да се забележи дека има позитивно движење во штедењето во странска валута, кое е вообичаено во периоди на неизвесност. Со ова се придонесе до забавување на повеќегодишниот тренд на денаризација на депозитите кај банките. Дополнително, кредитирање на корпоративниот сектор бележи зголемување во споредба со претходната година, што е знак за постепено економското закрепнување.

Номиналните нето и бруто-плати забележаа годишен раст од 5,7%. Понатаму, побарувачката на работна сила се стабилизира, па оттаму-намалување на бројот на невработени лица за 5,2%, додека стапката на невработеност се сведе на историски најниското ниво од 15,7%, но истата ќе биде детално образложена понатаму во Извештајот.

## 2.3 Бруто додадена вредност на производство по основни цени

Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија, го дефинира производниот метод за пресметување на бруто-домашниот производ (БДП) како, БДП по пазарни цени е финален производ на производната активност на резидентните производни единици и е збир на бруто-додадената вредност од одделните институционални сектори или одделните дејности, по основни цени, плус данокот на додадена вредност и царините, минус субвенциите на производи (што не се распределени по дејности). Поедноставено, овој метод ни ја дава вредноста на произведените стоки и извршените услуги во текот на една година според тековни цени, без разлика дали тие производи или услуги се во целост се продадени или дел од нив се ставени во залихи. Производствената вредност се состои од три вида на производство: пазарно производство, производство наменето за сопствена финална употреба и непазарно производство.

Во **Error! Reference source not found.** се прикажани движењата во БДП според производствениот метод по тековни цени од 2017 до 2021 година. Од 2017 до 1019 се бележи растечки тренд на БДП на производство, додека во 2020 година има намалување од 689.425 милиони денари во 664.010 милиони денари. Во 2021 година пак се бележи голем раст, БДП изнесува 723.239 милиони денари. Даноците на производите бележат растечки тренд од 2017 до 2021 година.

*Табела 3. Бруто-домашен производ според производниот метод, по години (од тримесечните пресметки на БДП)*

| | тековни цени (мил.ден.) | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 1) | 2021 2) |
| Бруто-домашен производ | 618.106 | 660.878 | 692.683 | 655.931 | 723.239 |
| Додадена вредност | 535.726 | 573.922 | 601.462 | 574.732 | 614.606 |
| А Земјоделство, шумарство и рибарство | 48.664 | 55.979 | 56.331 | 56.523 | 55.111 |
| Б, В, Г и Д Рударство и вадење на камен; Преработувачка индустрија; Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација; Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината | 109.870 | 123.187 | 125.196 | 113.441 | 119.479 |
| В Преработувачка индустрија | 77.897 | 88.210 | 92.779 | 86.511 | 91.203 |
| Ѓ Градежништво | 40.076 | 35.757 | 38.994 | 35.878 | 35.922 |
| Е, Ж и З Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли; Транспорт и складирање; Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 122.945 | 131.737 | 140.322 | 126.076 | 152.017 |
| Ѕ Информации и комуникации | 20.974 | 22.612 | 24.365 | 25.592 | 26.841 |
| И Финансиски дејности и дејности на осигурување | 19.313 | 19.276 | 19.293 | 19.579 | 20.513 |
| Ј Дејности во врска со недвижен имот | 59.432 | 66.152 | 68.258 | 69.143 | 71.900 |
| К и Л Стручни, научни и технички дејности; Административни и помошни услужни дејности | 22.054 | 23.822 | 26.298 | 24.341 | 25.385 |
| Љ, М и Н Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување; Образование; Дејности на здравствена и социјална заштита | 74.933 | 76.943 | 82.218 | 87.513 | 91.003 |
| Њ, О и П Уметност, забава и рекреација; Други услужни дејности; Дејности на домаќинствата како работодавачи; дејности на домаќинствата кои произведуваат разновидна стока и вршат различни услуги за сопствени потреби | 17.463 | 18.458 | 20.187 | 16.646 | 16.433 |
| Даноци на производи | 83.607 | 88.595 | 93.012 | 82.439 | 109.601 |
| Субвенции | 1.227 | 1.638 | 1.791 | 1.240 | 967 |
| Нето-даноци на производи | 82.379 | 86.956 | 91.220 | 81.199 | 108.634 |

*Извор: Државен завод за статистика*

Според проценетите податоци на Државниот завод за статистика, стапката на раст на бруто-домашниот производ за четвртото тримесечје од 2021 година е 2.3%. Во четвртото тримесечје од 2021, најголем пораст е забележан во секторите Трговија на големо и

трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли; Транспорт и складирање; Објекти за сместување и сервисни дејности со храна од 9,2%; потоа Информации и комуникации од 5,3%; како и Дејности во врска со недвижен имот од 3.1 %. Финалната потрошувачка на домаќинствата вклучувајќи ги непрофитните институции кои им служат на домаќинствата, во четвртото тримесечје од 2021 година, номинално расте за 10.2%, а нејзиното учество во структурата на бруто-домашниот производ изнесува 62.5%. Во истиот период, извозот на стоки и на услуги номинално се зголеми за 9.7%, а увозот на стоки и на услуги забележа пораст во номинален износ од 22.6%.

*Табела 4. Бруто-домашен производ според производниот метод, тековни цени*

Бруто-домашен производ според производниот метод, тековни цени

во милиони денари

| | | Тримесечје | | | | Година | Тримесечје | | | | Година |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2020[1)] | | | | **2020[1)]** | 2021[2)] | | | | **2021[2)]** |
| | | I | II | III | IV | | I | II | III | IV | |
| | | 12 337 | 12 809 | 14 782 | 16 596 | **56 523** | 11 926 | 12 844 | 13 025 | 17 316 | 55 110 |
| А | Земјоделство, шумарство и рибарство | 27 514 | 23 233 | 29 703 | 32 991 | **113 441** | 26 664 | 27 567 | 30 650 | 34 599 | 119 479 |
| Б, В, Г и Д | Рударство и вадење на камен; Преработувачка индустрија; Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација; Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината | 20 591 | 17 202 | 22 565 | 26 153 | **86 511** | 19 735 | 21 647 | 22 826 | 26 995 | 91 203 |
| В | Од кои: преработувачка индустрија | 5 953 | 7 292 | 10 092 | 12 541 | **35 878** | 6 125 | 7 414 | 10 218 | 12 166 | 35 922 |
| Ѓ | Градежништво | 31 698 | 24 171 | 33 477 | 36 730 | **126 076** | 31 417 | 36 690 | 40 939 | 42 970 | 152 017 |
| Е, Ж и З | Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли; Транспорт и складирање; Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 6 452 | 5 934 | 6 525 | 6 681 | **25 592** | 6 456 | 6 437 | 6 652 | 7 296 | 26 841 |
| Ѕ | Информации и комуникации | 4 700 | 4 701 | 5 029 | 5 150 | **19 579** | 4 826 | 5 090 | 5 119 | 5 479 | 20 513 |
| И | Финансиски дејности и дејности на осигурување | 18 358 | 16 749 | 16 989 | 17 046 | **69 143** | 19 045 | 17 513 | 17 460 | 17 881 | 71 900 |
| Ј | Дејности во врска со недвижен имот | 6 324 | 6 063 | 5 945 | 6 008 | **24 341** | 6 264 | 6 378 | 6 330 | 6 413 | 25 385 |
| К и Л | Стручни, научни и технички дејности; Административни и помошни услужни дејности | 21 615 | 21 789 | 21 805 | 22 303 | **87 513** | 22 192 | 22 971 | 22 620 | 23 220 | 91 003 |
| Љ, М и Н | Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување; Образование; Дејности на здравствена и социјална заштита | 4 659 | 4 306 | 3 684 | 3 997 | **16 646** | 4 087 | 4 174 | 3 962 | 4 211 | 16 433 |
| Њ, О и П | Уметност, забава и рекреација; Други услужни дејности; Дејности на домаќинствата како работодавачи; дејности на домаќинствата кои произведуваат разновидна стока и вршат различни услуги за сопствени потреби | **139 612** | **127 046** | **148 031** | **160 043** | **574 732** | **139 002** | **7 077** | **156 975** | **171 551** | **614 605** |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Додадена вредност | 19 478 | 14 564 | 21 601 | 25 556 | 81 199 | 21 519 | 25 257 | 25 643 | 36 214 | 108 634 |
| Нето-даноци на производи | 159 090 | 141 610 | 169 632 | 185 599 | 655 931 | 160 521 | 172 333 | 182 618 | 207 766 | 723 239 |
| Бруто-домашен производ | | | | | | | | | | |

[1)] Претходни податоци

[1)] Проценети податоци

*Извор: Завод за статистика, 2022*

# 3. Правна регулатива

## 3.1 Преглед на правна рамка

Дејностите на правните субјекти во Република Северна Македонија се регулирани со Законот за трговски друштва (Службен весник на РСМ бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18, 120/18, 239/18, 290/20, 215/21, 99/2022) кој претставува основен закон на деловните почетоци и понатамошните деловни активности. Со овој закон се уредуваат сите видови на трговски друштва, процедурите за основање и регистрација на истите, главнината, сите права и обврски, начин на управување и останатите елементи значајни за работењето на трговските друштва. Другите активности поврзани со работењето на деловните субјекти како што се финансиското работење, вработување и работните односи се регулираат со голем број посебни законски или подзаконски акти, меѓу кои го издвојуваме:

- Закон за работни односи (Службен весник на РСМ број 62/05, дополнет во 2020)[12]

- Закон за регистрирање на готовински плаќања (Службен весник на РСМ бр. 31/01[13], дополнет во 2019)) и,

- Закон за данок на додадена вредност (Службен весник на РСМ бр. 44/99, изменет и дополнет во 2020).

Според Законот за трговски друштва (ЗТД), разликуваме повеќе форми на здружување односно правни лица кои можат да остваруваат профит. Според тоа, *трговец* е секое лице кое самостојно трајно во вид на занимање врши трговска дејност заради остварување добивка со производство, трговија и давање услуги на пазарот.[14]

---

[12] Измени и дополнувања 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18, 110/19 и 267/2020

[13] Измени и дополнувања 42/03, 47/03, 40/04, 70/06, 126/06, 60/07, 123/07, 88/08, 133/09, 171/10, 185/11, 6/12, 145/12, 79/13, 188/13, 115/14, 156/14, 129/15, 154/2015, 23/16, 11/2018 и 9819

[14] Член 4 од Закон за трговски друштва 2004 година

Трговец-поединецот се запишува во трговскиот регистар во Централниот регистар на Република Северна Македонија со пријава за упис. Пријавата за упис во регистарот се состои од општи информации за трговецот и се поднесува електронски согласно Системот за електронска регистрација.

Трговец-поединец според ЗДТ не може да се регистрира физичкото лице:

1) над кое е отворена стечајна постапка;

2) за кое, со правосилна одлука на судот, е утврдено дека со умисла предизвикало стечај, поради што доверителите не можеле да ги наплатат своите побарувања додека трае забраната за вршење на дејноста утврдена со одлуката на судот, и

3) на кое надлежен орган, врз основа на закон, му забранил да врши некоја од дејностите определени со законот, додека трае забраната.

Понатаму, *трговско друштво* е правно лице во коешто едно или повеќе лица вложуваат пари, ствари или права во имот што го користат за заедничко работење и заеднички ја делат добивката и загубата од работењето. Трговско друштво, според формата, без оглед на тоа дали врши трговска или некоја друга дејност, е:

1) Јавно трговско друштво;

2) Командитно друштво;

3) Друштво со ограничена одговорност (вклучувајќи ДООЕЛ и поедноставено друштво со ограничена одговорност, како новина);

4) Акционерско друштво; и,

5) Командитно друштво со акции.

Во Службен весник на РСМ бр.215/21 од 16 септември 2021 година, објавени се измени на ЗТД кои стапија на сила од 24 септември 2021 година. Со овие измени на ЗТД се воведе нов облик на ДОО **–** поедноставено друштво со ограничена одговорност ПДОО**.** Како ПДОО може да се основа друштвото кое има најмногу тројца основачи физички лица, од кои еден е управител. Најмалиот износ на основната главнина ова друштво е 1 евро во денарска противвредност, додека најмалиот номинален износ на удел е 10 центи во денарска

противвредност. Друштвото има обврска да издвојува задолжителна резерва од годишната добивка, се додека основната главнина не достигне износ од 5000 евра, моментално потребна за основање на друштво со ограничена одговорност.

*График 3. Основања, промени и бришења на правни субјекти*




*Извор: Статистички билтен на Централен регистар 2022, ЦРРСМ*

Според статистичкиот билтен на ЦРРСМ, заклучно со август, 2022 година упис извршиле вкупно 5.540, во споредба со цела 2021 година во која 8.662 правни субјекти извршиле упис и 7.077 уписи на правни лица во 2020 година. Интересно е дека во однос на бришења, во 2022 година, во истиот период бројот на бришења е скоро идентичен со бројот на уписи, односно истиот изнесува 5.444, и во споредба со 2021 година истиот во моментов е намален (6.995 бришења во 2021 година) види График 3.

## 3.2 Класификација на претпријатијата

Претпријатијата во РСМ се класифицираат во микро, мали, средни и големи претпријатија, види
Табела 5.

*Табела 5. Дефиниција за ММСП*

| **Големина на друштвото** | **ЕУ дефиниција** | **Закон за трговски друштва 2004 г. (Изменет и дополнет 2013 г.)** |
|---|---|---|
| **Микро** | <10 вработени<br>≤ЕУР 2 милиони обрт или биланс на состојба | <10 вработени<br>≤ЕУР 50.000 бруто годишен приход, изразен во МКД |
| **Мало** | 10 до 50 вработени<br>ЕУР 2–10 милиони обрт или биланс на состојба | ≤ 50 вработени, И<br>≥ ЕУР 2 милиони годишен приход, изразен во МКД, ИЛИ<br>< ЕУР 2 милиони годишен обрт (вкупни средства во актива), изразен во МКД |
| **Средно** | <250 вработени<br>≤ЕУР 50 милиони обрт<br>≤ЕУР 43 милиони биланс на состојба | ≤250 вработени, И<br>≥10 милиони ЕУР годишен приход, изразен во МКД, ИЛИ<br>< ЕУР 11 милиони годишен обрт (вкупни средства во актива), изразен во МКД |

*Извор: Национална стратегија за МСП (2018-2023)*

Според број на вработени *микро претпријатија* се сите кои имаат помалку од 10 вработени, *мали* се дефинираат претпријатијата со број на вработени од 10-50, *средните* бројат помеѓу 50 и 250 вработени, а како *големи* се класифицираат сите претпријатија со над 250 вработени. Македонската класификација на претпријатија се правени и според бруто годишниот приход (БГП) на претпријатијата каде *микро претпријатија* се сите со еднаков или помал БГП од 50.000 евра, *малите* претпријатија се со еднаков или поголем БГП од 2 милиони евра или годишен обрт (вкупни средства во актива) помал од 2 милиони евра и *средните претпријатија* се со БГП кој е еднаков или повисок од 10 милион евра или  годишен обрт (вкупни средства во актива) помал од 11 милиони евра.

Класификацијата на претпријатијата во Република Северна Македонија се уредува со член 470 од Законот за трговски друштва. Погоре се дадени детални објаснувања (дефиниции) за класификација на претпријатијата според големина согласно домашниот Законот за трговски друштва и оние на Европската унија. Може да се забележи дека во споредба со ЕУ класификацијата РСМ е усогласена само во однос на бројот на вработени во

претпријатијата, но не и во однос на билансот на состојба на претпријатијата.[15] МСП според дефиниција на Европската унија се сите претпријатија со број на вработени до 250 и годишен обрт не поголем од 50 милиони или до 43 милиони биланс на состојба. Големи претпријатија се сите оние кои имаат 250 и повеќе вработени и над 50 милиони обрт или над 43 милиони биланс на состојба. Македонската класификација е прилагодена на домашните услови и обртот на претпријатијата.

## 3.3 Отворање на бизнис

Во Република Северна Македонија има поволни услови и поедноставени процедури од кои дел се дигитализира во 2021 година, а се однесуваат на отворање бизнис. Во Табела 6, се дадени давачките според официјалниот ценовник на услуги на Централниот регистар кои се однесуваат на специфични уписи и промени кај претпријатијата.[16]

Дејноста на едношалтерскиот систем во Република Северна Македонија е уредена со Законот за едношалтерски систем и за водење на трговскиот регистар и регистарот на други правни лица. [17] Во 2021 година се направени измени на Законот за едношалтерски систем (Службен весник на Република Северна Македонија, 215/2021) кои се однесуваат на глоби за мали трговци и одговорни лица во трговски друштва кои не работеле согласно ЗТД.

Едношалтерскиот систем овозможува обединет пристап до податоци како и едноставен прием, обработка и дистрибуција на истите. Основната функција на едношалтерскиот систем е да обезбеди податоци кои се задолжителни за отпочнување со работа на субјектите за упис, обединување на сите релевантни податоци од правен аспект како и

[15] https://ec.europa.eu/eurostat/web/structural-business-statistics/small-and-medium-sized-enterprises
[16] https://www.crm.com.mk/CRMPublicPortalApi/api/files/f0f00e9b-38cb-ea11-a82c-000d3a28d0e4?ln=1

[17] Закон за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица (Службен весник на РСМ, бр. 84/05, 13/07, 150/07, 140/08, 17/11, 53/11, 70/13, 115/14, 97/15, 192/15, 53/16 и 98/19)

остварување на правата на субјектите, достапност до уписите во основните и посебните регистри кои се одат согласно законите на Република Северна Македонија и користење на податоци од субјекти кои врз договорна основа внесуваат податоци кои се од значење за едношалтерскиот систем.

Централниот регистар на Република Северна Македонија како институција овозможува пристап до голема база на податоци за субјектите во Република Северна Македонија и исто така преку едношалтерскиот систем овозможува уписи на субјекти и други податоци од значење на субјектот на упис. Според законот сите државни институции и други органи кои водат посебни регистри, сите се должни да испраќаат известувања до ЦРРСМ со цел базата на податоци да биде комплетна и осовременета во реално време и да се овозможи добро функционирање на едношалтерскиот систем.

*Табела 6. Тарифник на услуги за фирмите*

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Упис на промена:** | | | | |
| Една промена | 751,00 денари, за секоја наредна 200,00 денари по промена | 99,00 | 753,00 | 1.603,00 денари за секоја наредна 200,00 денари по промена |
| **Упис на бришење:** | | | | |
| Бришење | 450,00 | 99,00 | 753,00 | 1.302,00 |
| **Останати услуги:** | | | | |
| Едношалтерски систем | | | | 753,00 |
| Објавување на веб страница | | | | 99,00 |
| Жалба | 1.010,00 | 99,00 | 753,00 | 1.862,00 |
| Евидентирање на работно време | 505,00 денари за секое наредно евидентирање +200,00 денари | 99,00 | | 604,00 денари за секое наредно евидентирање +200,00 денари |
| Објава за ликвидација | 506,00 | 99,00 | | 605,00 денари |
| Бришење по претходно спроведена доброволна ликвидација | | | | 500,00 |
| Резервација на име | | | | 150,00 |

Извор: Централен регистар на Северна република Македонија, 2022 година

Промените укажуваат дека електронските барања за упис за основање преку системот за е-регистрација на ЦРРСМ се врши бесплатно со цел да се мотивираат лицата да користат е-услуги и да им се помогне со скратување на постапката и трошоците, и тоа бесплатна е регистрацијата за трговец-поединец, ДОО/ДООЕЛ и АД. Додека истата постапка во хартиена форма во канцелариите на ЦРРСМ се наплатува 2.452 денари. Останатите цени на услугите се во прилог, види Табела 6 Погоре.

## 4. Демографија на претпријатијата

Според официјалните податоци од Државниот завод за статистика, најголем број на активни новосоздадени претпријатија во Република Северна Македонија припаѓаат на ММСП секторот. Од График 3 може да се заклучи дека бројот на активни претпријатија во Република Северна Македонија во последните две години бележи намалување. Трендот на растење од 3.599 нови активни претпријатија во периодот од 2018 до 2019 година, застанува во 2020 година каде бројот значајно се намалува за 2.853 претпријатија и продолжува со опаѓање и во 2021 за дополнителни 139 претпријатија. Трендот на згаснување на активните претпријатија во две години последователно, може да се препише на последиците од социо-економската криза предизвикана од Ковид-19 пандемијата, а секако не треба да се изоставаат и останати внатрешни и надворешни фактори кои исто така може да се главни причинители за намалувањето на бројот на активни претпријатија.

*График 4. Број на активни претпријатија од 2018 до 2021*




*Извор: Државен завод за статистика, Макстат база*

Покрај можноста за брза реакција со кој се карактеризира ММСП секторот, не сите претпријатија беа во можност да го прилагодат својот бизнис модел и да останат

конкурентни во индустријата. Како најголеми причинители се вбројуваат конкурентите, различните видови на индустрии, различни производи и услуги и драстичните промени во побарувачката на продукти во време на пандемија и начинот на комуницирање како во вработените така и со клиентите.

*График 5. Активни претпријатија според класификација по големина во 2021*




*Извор: Државен завод за статистика, Макстат база*

Вкупниот број на активни претпријатија во 2021 година изнесува 72.922. Од нив најголем број се класифицирани како микро претпријатија со застапеност од 64,6% и мали претпријатија со 33,2%. Најмала е процентуалната застапеност на средни и големи претпријатија и тоа средни претпријатија со 1,4% и големи активни претпријатија 0,9% од вкупниот број на претпријатија во Република Северна Македонија (види График 5).

## 4.1. Активни претпријатија по сектори во 2021 година

Според поделбата на претпријатијата по сектори на дејност податоците за 2021 година покажуваат дека најголем број односно 21.908, се претпријатија кои спаѓаат во секторот на дејност трговија на големо и трговија на мало: поправка на моторни возила и мотоцикли.

Застапеноста во проценти на овој сектор изнесува 30% од вкупниот број на активни претпријатија. Споредбено со 2020 година овој сектор на претпријатија бележи опаѓачки тренд, но сеуште е далеку најзастапен во однос на останатите сектори на дејност во Република Северна Македонија. Втор сектор по застапеност е преработувачката индустрија со 7.943 активни претпријатија или застапеност од 11%, понатаму секторот стручни, научни и технички дејности кој бележи растечки тренд и во 2021 година изнесува 7.801 претпријатие или 11%, додека секторите транспорт и складирање и градежништво се застапени со 8% и 7% од вкупниот број на активни претпријатија.

Според класификација на претпријатијата по големина, најголем број или 19.540 се микро активни претпријатија во секторот трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли, потоа 6.976 микро претпријатија во секторот стручни научни и технички дејности и 6.203 микро претпријатија во секторот преработувачка индустрија. Понатаму, според класификација малите претпријатија се најбројни во секторот трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли, преработувачка индустрија и градежништво. Средните претпријатија по сектори на дејност се отсликуваат со малите претпријатија додека големите претпријатија покрај преработувачката индустрија и трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли, дополнителен сектор по број на претпријатија е Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување, види Табела 7.

*Табела 7. Активни претпријатија по сектори на дејност и број на вработени во 2021*

| Активни претпријатија по сектори на дејност во 2021 година | Вкупно | Учество во % | 0 вработени или без податок | 1-9 | 10-19 | 20-49 | 50-249 | 250 + |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 72.922 | 100 | 5.980 | 59.796 | 3.291 | 2.197 | 1.424 | 234 |
| А Земјоделство, шумарство и рибар. | 2.363 | 3 | 150 | 2.100 | 44 | 45 | 20 | 4 |
| Б Рударство и вадење на камен | 198 | 0 | 20 | 129 | 27 | 13 | 5 | 4 |
| В Преработувачка индустрија | 7.943 | 11 | 292 | 6.203 | 599 | 473 | 318 | 58 |
| Г Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | 225 | 0 | 52 | 152 | 6 | 5 | 7 | 3 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Д Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад; санација на околината | 252 | 0 | 8 | 148 | 26 | 30 | 30 | 10 |
| Ѓ Градежништво | 5.386 | 7 | 249 | 4.550 | 318 | 205 | 55 | 9 |
| Е Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли | 21.908 | 30 | 923 | 19.540 | 849 | 401 | 166 | 29 |
| Ж Транспорт и складирање | 5.531 | 8 | 129 | 4.862 | 319 | 157 | 54 | 10 |
| З Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 4.679 | 6 | 117 | 4.053 | 316 | 154 | 39 | - |
| Ѕ Информации и комуникации | 2.199 | 3 | 290 | 1.591 | 153 | 106 | 52 | 7 |
| И Финансиски дејности и дејности на осигурување | 482 | 1 | 65 | 340 | 21 | 23 | 25 | 8 |
| Ј Дејности во врска со недвижен имот | 602 | 1 | 158 | 405 | 18 | 15 | 5 | 1 |
| К Стручни, научни и технички дејности | 7.801 | 11 | 522 | 6.976 | 183 | 91 | 27 | 2 |
| Л Административни и помошни услужни дејности | 1.901 | 3 | 570 | 1.128 | 83 | 66 | 38 | 16 |
| Љ Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување | 262 | 0 | 1 | 23 | 40 | 85 | 84 | 29 |
| М Образование | 1.272 | 2 | 81 | 641 | 55 | 171 | 320 | 4 |
| Н Дејности на здравствена и социјална заштита | 3.307 | 5 | 27 | 2.888 | 142 | 91 | 131 | 28 |
| Њ Уметност, забава и рекреација | 1.612 | 2 | 684 | 785 | 45 | 42 | 45 | 11 |
| О Други услужни дејности | 4.999 | 7 | 1.642 | 3.282 | 47 | 24 | 3 | 1 |

*Извор: Државен завод за статистика, Макстат база*

## 4.2. Бизнис демографија и бизнис динамика

Глобализацијата со брзиот развој во технологијата и лесната достапност до секаков вид на информации предизвика забрзување во динамиката на бизнисите. Промената во трендовите резултира со промени во понудата и побарувачката, а со тоа и брза адаптација на деловните субјекти. Влијанието на пандемијата предизвика промена на бизнис модели кај голем број деловни субјекти со цел опстојување на пазарот на конкурентност. Голем број на претпријатија ги искористија своите капацитети и полесно го пребродеа ударот од Ковид 19, за жал не толку моќните претпријатија и покрај можноста за искористување на

антикризните мерки од Владата на Република Северна Македонија, не успеаја да останат конкурентни на пазарот. За дел од претпријатијата, новонастанатата ситуација во бизнисот претставуваше конкурентна предност за иновативен развој и искористување на различни мерки за поддршка на бизнисите во државата. ММСП секторот е најзначаен за развој на економијата бидејќи најголем број од претпријатијата се класифицирани во тој сектор. Поради значајноста и големиот придонес за континуиран социо-економски развој, постојат голем број на програми од аспект на поддршка на веќе отворените претпријатија како и програми за за развој на претприемачките бизниси.

### 4.2.1. Демографија на претпријатија според основањето

Во Табела 8 е прикажан бројот на новорегистрирани деловни субјекти во период од 2020 до 2022 година, каде може да се забележи дека бројот на уписи на основање на трговски друштва во 2022 година кој изнесува 6.164[18], е најмал во споредба со претходните две години. Една од причините за намалениот број на новоосновани деловни субјекти се социо-економските последици од Ковид-19 пандемијата. Од друга страна пак бројот на згаснати трговски друштва во 2022 година изнесува 6.164 и е најмал во споредба со претходните две години.

*Табела 8. Број на новорегистрирани и неактивни претпријатија (2020-2022)*

| Број на новорегистрирани и згаснати трговски друштва | | | |
|---|---|---|---|
| | 2020 | 2021 | 2022 |
| Број на уписи на основање | 7.077 | 8.662 | 6.164 |
| Број на уписи на промени | 16.494 | 22.020 | 14.893 |
| Број на уписи на бришења | 6.222 | 6.995 | 5.501 |

*Извор: Централен регистар на РСМ*

Според видот на сопственоста или организациониот облик претпријатијата во 2021 година (Табела 9), во најголем број се трговски друштва регистрирани како друштво со ограничена

[18] https://www.crm.com.mk/mk/otvoreni-podatotsi/statistichki-bilten

одговорност основано од едно лице односно 59.122 (52,79%), потоа со застапеност од 10,89% се друштвата со ограничена одговорност и со 5,33% застапеност се трговските друштва во форма на трговец поединец. Значително помалку се застапени командитни друштва, стопанска интересна заедница, командитно друштво со акции, заштитно друштво како и подружница на странско друштво, сите со застапеност помала од 1%.

*Табела 9. Организационен облик на трговски друштва во 2021*

| **Организационен облик на трговски друштва во 2021** | | |
|---|---|---|
| Јавно трговско друштво | 354 | 0,32% |
| Командитно друштво | 9 | 0,01% |
| Друштво со ограничена одговорност | 12.198 | 10,89% |
| Друштво со ограничена одговорност основано од едно лице | 59.122 | 52,79% |
| Акционерско друштво | 568 | 0,51% |
| Командитно друштво со акции | 1 | 0,00% |
| Стопанска интересна заедница | 41 | 0,04% |
| Подружница на странско друштво | 347 | 0,31% |
| Трговец поединец | 6.082 | 5,43% |
| Заштитно друштво | 213 | 0,19% |

*Извор: Централен регистар на РСМ*

### 4.2.2 Активни претпријатија по општини

Демографските податоци за регионите во кои работат претпријатијата се од големо значење и служат како индикатор за распределбата и густината на активните деловни субјекти во различни подрачја. Поделбата на претпријатијата по општини дава соодветна слика за демографската состојба на деловните субјекти во Република Северна Македонија. Најголем број или над 50% од претпријатијата се централизирани во градот Скопје. Понатаму, во многу помала бројност, но од големо значење постигнување на рамномерен регионален развој се претпријатијата кои се наоѓаат во Битола 5%, Куманово 4% како и во Прилеп, Охрид, Струга и Струмица со застапеност од 3% (види График 6).

*График 6. Активни деловни субјекти по општини за 2021 година*




*Извор: Државен завод за статистика, Макстат база*

Демографијата на претпријатијата по општини е многу важен податок бидејќи преку истиот се овозможува следење на развојот на активни претпријатија и претставува појдовна точка за развој на идни стратегии и програми за поголема поддршка на деловниот сегмент во помалку деловно-развиените општини, како и примена на добри практики за зголемување на деловната активност на локално ниво.

Во Табела 10 детално е прикажан бројот на активните субјекти по големина и општини во Република Северна Македонија заклучно 2021 година.

## *Табела 10. Активни претпријатија по големина и општини во 2021 година*

| 2021 | Вкупно | Микро | Мали | Средни | Големи |
|---|---|---|---|---|---|
| Република Северна Македонија | 72922 | 47074 | 24199 | 1010 | 639 |
| Скопје | 27038 | 15669 | 10492 | 477 | 400 |
| Аеродром | 3773 | 2323 | 1390 | 36 | 24 |
| Бутел | 1440 | 836 | 541 | 38 | 25 |
| Гази Баба | 2728 | 1511 | 1110 | 59 | 48 |
| Ѓорче Петров | 1769 | 1165 | 572 | 17 | 15 |
| Карпош | 4490 | 2549 | 1800 | 75 | 66 |
| Кисела Вода | 2940 | 1802 | 1072 | 42 | 24 |
| Сарај | 582 | 346 | 222 | 9 | 5 |
| Центар | 7145 | 3608 | 3169 | 179 | 189 |
| Чаир | 1932 | 1352 | 556 | 21 | 3 |
| Шуто Оризари | 239 | 177 | 60 | 1 | 1 |
| Арачиново | 115 | 73 | 41 | 1 | - |
| Берово | 386 | 266 | 115 | 4 | 1 |
| Битола | 3753 | 2463 | 1215 | 45 | 30 |
| Богданци | 260 | 160 | 91 | 6 | 3 |
| Боговиње | 426 | 321 | 101 | 4 | - |
| Босилово | 240 | 142 | 93 | 4 | 1 |
| Брвеница | 309 | 226 | 79 | 4 | - |
| Валандово | 341 | 216 | 116 | 9 | - |
| Василево | 192 | 110 | 76 | 5 | 1 |
| Вевчани | 102 | 72 | 29 | 1 | - |
| Велес | 1739 | 1196 | 513 | 20 | 10 |
| Виница | 502 | 311 | 179 | 9 | 3 |
| Вранештица | - | - | - | - | - |
| Врапчиште | 437 | 357 | 79 | 1 | - |
| Гевгелија | 1209 | 723 | 453 | 20 | 13 |
| Гостивар | 2508 | 1932 | 562 | 11 | 3 |
| Градско | 67 | 37 | 27 | - | 3 |
| Дебар | 519 | 394 | 117 | 7 | 1 |
| Дебарца | 120 | 74 | 45 | 1 | - |
| Делчево | 505 | 347 | 151 | 5 | 2 |
| Демир Капија | 95 | 65 | 28 | 1 | 1 |
| Демир Хисар | 217 | 138 | 74 | 5 | - |
| Дојран | 111 | 65 | 43 | 2 | 1 |
| Долнени | 184 | 144 | 39 | 1 | - |
| Другово | - | - | - | - | - |
| Желино | 332 | 242 | 81 | 6 | 3 |
| Зајас | - | - | - | - | - |
| Зелениково | 69 | 44 | 23 | - | 2 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Зрновци | 49 | 34 | 15 | - | - |
| Илинден | 632 | 357 | 239 | 21 | 15 |
| Јегуновце | 177 | 124 | 50 | 3 | - |
| Кавадарци | 1691 | 1049 | 611 | 15 | 16 |
| Карбинци | 73 | 37 | 33 | 3 | - |
| Кичево | 1411 | 1143 | 253 | 9 | 6 |
| Конче | 71 | 54 | 16 | 1 | - |
| Кочани | 1317 | 918 | 377 | 16 | 6 |
| Кратово | 206 | 136 | 67 | 2 | 1 |
| Крива Паланка | 555 | 400 | 154 | 1 | - |
| Кривогаштани | 116 | 74 | 41 | 1 | - |
| Крушево | 199 | 141 | 57 | 1 | - |
| Куманово | 3022 | 2117 | 860 | 30 | 15 |
| Липково | 230 | 155 | 72 | 3 | - |
| Лозово | 46 | 32 | 14 | - | - |
| Маврово и Ростуша | 124 | 93 | 24 | 7 | - |
| Македонска Каменица | 199 | 123 | 74 | 1 | 1 |
| Македонски Брод | 146 | 102 | 42 | 2 | - |
| Могила | 144 | 102 | 42 | - | - |
| Неготино | 754 | 485 | 254 | 13 | 2 |
| Новаци | 80 | 51 | 29 | - | - |
| Ново Село | 190 | 117 | 69 | 2 | 2 |
| Осломеј | - | - | - | - | - |
| Охрид | 2608 | 1726 | 841 | 29 | 12 |
| Петровец | 200 | 117 | 77 | 6 | - |
| Пехчево | 139 | 91 | 45 | 3 | - |
| Пласница | 41 | 27 | 13 | - | 1 |
| Прилеп | 2664 | 1829 | 801 | 20 | 14 |
| Пробиштип | 413 | 297 | 111 | 3 | 2 |
| Радовиш | 825 | 547 | 269 | 6 | 3 |
| Ранковце | 49 | 29 | 20 | - | - |
| Ресен | 434 | 265 | 163 | 4 | 2 |
| Росоман | 118 | 75 | 41 | 2 | - |
| Свети Николе | 742 | 570 | 165 | 7 | - |
| Сопиште | 130 | 80 | 49 | 1 | - |
| Старо Нагоричане | 43 | 27 | 14 | 1 | 1 |
| Струга | 2198 | 1703 | 473 | 20 | 2 |
| Струмица | 2374 | 1493 | 822 | 36 | 23 |
| Студеничани | 258 | 145 | 106 | 6 | 1 |
| Теарце | 392 | 316 | 74 | 2 | - |
| Тетово | 3772 | 2731 | 994 | 34 | 13 |
| Центар Жупа | 73 | 60 | 13 | - | - |
| Чашка | 89 | 64 | 24 | 1 | - |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Чешиново - Облешево | 116 | 71 | 41 | 4 | - |
| Чучер - Сандево | 193 | 107 | 79 | 5 | 2 |
| Штип | 1843 | 1073 | 709 | 40 | 21 |

*Извор: Државен завод за статистика*

Заклучокот е дека најголем број на претпријатија се лоцирани во општините во Скопскиот плански регион. Понатаму, следуваат општините Тетово со 3.772 активни претпријатија, Битола со 3.753, Куманово со 3.022, Прилеп со 2.664, Охрид со 2.608 и Гостивар со 2.508 претпријатија. Се забележува тренд на зголемување на регистрираните претпријатија и во руралните општини како што се Босилово, Боговиње, Брвеница, Илинден, Студеничани, Желино и Чучер Сандево, што претставува добар индикатор за иден балансиран регионален економски развој.

### 4.2.3 Трговец поединец

Трговец поединец е вид на деловен субјект кој е во сопственост и е управуван од страна на еден поединец, каде не постои законска разлика помеѓу сопственикот и бизнисот. Секое деловно-способно физичко лице со постојано место на живеење во Република Северна Македонија може да се регистрира како трговец-поединец. Дел од специфични карактеристики за овој деловен субјект се тоа дека целиот приход му припаѓа на сопственикот, кој подлежи на оданочување соодветно на бизнисот, понатаму, сопственикот има неограничена одговорност за сите загуби и долгови. Самостојниот трговец лично одговара за сите обврски и долгови за бизнисот со целиот свој имот.

*Табела 11. Демографија на трговец-поединец во 2021 година*

| **Трговец-поединец во 2021** | |
|---|---|
| Активни субјекти по организационен облик | 6.082 |
| Број на уписи на основање | 500 |
| Број на уписи на промени | 344 |
| Број на уписи на бришења | 734 |

*Извор: Централен регистар на РСМ*

Заклучно 2021 година активни трговски друштва регистрирани како трговец-поединец се бројат вкупно 6.082, а забележлив е поголемиот број на згаснати субјекти наспроти бројот на новорегистрирани, види Табела 11. Новорегистрирани се вкупно 500 додека згаснати субјекти се вкупно 734. Иако, овој облик на претпријатија се карактеризира со флексибилност, брза адаптација и поедноставен начин на раководење, сепак ограничувањата како што се потешка достапност на извори на финансирање, здравствена состојба и капацитетот на физичкото лице како и одговорноста на трговецот-поединец со лично и неограничено гарантирање со сиот личен имот се причини за тековната состојба.

### 4.2.4. Занаетчиство и креативни индустрии

На ниво на ЕУ, проблемите со кои се соочувал овој сектор се пристапот до финансии и привлекување на клиенти. И во државата е слична ситуацијата, дополнета со потешкотии да се привлече квалификувани лица за работа. Занаетчискиот сектор се справува со предизвикот на пазарот на труд кој се отсликува во недостиг на квалификуван кадар со потребни практични вештини и компетенции за продолжување на занаетчиските занаети, но и креирање на нови занаетчиски профили. Занаетчиските комори се залага да се обезбеди иден кадар како и услови за справување со проблемите на овој сектор, како и ефектите од Ковид-19 пандемијата преку повици за субвенционирање на разни сегменти од работењето на занаетчиите како и намалување на трошоците за греење преку субвенционирање на медиум за загревање на просториите.

Влада во соработка со занаетчиските комори и занаетчиите, креираат политики за развој на занаетчиството како стопанска гранка и континуирано се спроведуваат мерки за поттикнување на овие мали економски субјекти на годишно ниво.

Позитивно за вршителите на занаетчиска дејност беше намалувањето на данокот на додадена вредност од 18% на 5% за вршење занаетчиски услуги кое стапи на сила од 1 јануари 2021

година.[19] Согласно со Законот за занаетчиство, на оваа промена се корисници следните правни лица:

- поправка на велосипеди,
- поправка на чевли и производи од кожа,
- поправка на облека и постелнина за домаќинството (вклучувајќи крпење и прекројување), и
- фризерски услуги.

Во однос на актуелната Национална стратегија за развој на занаетчиството и акционен план 2012 -2020 година, сеуште нема објавено документ за постигнатите цели и индикатори за успех на истата, иако има реализирано многубројни проекти, обуки за надградување на знаењата, финансиска поддршка за занаетчиите и слични активности во референтниот период. Од друга страна, занаетчиските комори континуирано вршат обуки и се трудат да ги поддржат занаетчиите, но и да лобираат за нивните права пред Владата. Согласно Годишниот план за работата на Министерството за економија во 2021 година се реализирале мерки за поддршка на овој сегмент од економијата. Исто така, реализирани се и неколку проекти за развој на занаетчиството поддржани преку програмите на Европската Унија кои се достапни за користење во државата.

## 4.3. Влијание на Ковид-19 на МСП

Во Република Северна Македонија најголеми загуби се забележани во туризмот, угостителството, занаетчиството и други индустрии. Од друга страна, поради промена на навиките на домашните купувачи, е-трговијата, како во светот така и Република Северна Македонија забележа раст од 99% во месец март во 2020 година споредено со март 2020 година. Поголеми последици претрпеа помалите претпријатија кај кои и во вообичаеното опкружување проблем беше ликвидноста и инвестициите во развој.

[19] Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на РСМ“, бр.267/20 од 09.11.2020)

Во економија која е во развој, ММСП се појавува како најголем извор на вработување и испорака на стоки и услуги, па затоа МСП секторот е клучен во економии со помали приходи, како во Република Северна Македонија. Оттука, загубите во ММСП секторот кои се случија во 2021 година имаат и големи социјални импликации.

### 4.3.1 Состојби кај угостителските претпријатија предизвикани од Ковид -19

Продлабочената светската економска криза предизвикана од пандемијата највеќе ги погоди туристичкиот сектор, но и угостителството, занаетчиството и транспортот. Дополнително, се бележат одложувања во градежните инвестиции и други бројни инвестициски проекти во јавниот и приватниот сектор. Пазарот на труд во овие сектори доживеа најголем притисок, со реална закана за значително намалување на приходите на претпријатијата и поттикнување на нивна несолвентност. Малите и средните претпријатија во рамки на овие сектори се соочија со голема борба за опстанок, а многубројни деловни субјекти и трајно згаснаа. Од оваа криза се погодени и занаетчиите, голем број од нив беа приморани да ги затворат своите бизниси и работилници.

Министерството за економија дополнителни средства во 2021 година има издвоено за поддршка на домашен туризам преку повик за организирање на одмор за работници со ниски приходи (3092 одобрени барања) во 64 пријавени угостителски капацитети, а во рамки на Програма за развој на туризмот во 2021. [20] Програмата предвидува поддршка на претпријатија од секторот туризам во насока на студии за за еко-туризам и план за промоција на потенцијалите за развој на еко туризмот,  кампања за безбедно патување , надградба на системот за мобилна апликација “Visit Macedonia”, меѓу другите и субвенции за дигитализација на туристичко/угостителскиот сектор.

[20] https://economy.gov.mk/Upload/Documents/Programa%20za%20razvoj%20na%20turizmot%202021.pdf

Владата, во рамки на Програмата за развој на туризмот во Република Северна Македонија за 2021 година реализираше повеќе активности во предвиден износ од 31.000.000,00 денари. Средствата наменски се искористиле за следните активности:

- меѓународна и билатерална соработка во туризмот (зголемена и интензивирана соработка во доменот на меѓународната комуникација со големите и значајни туристички организации и институции кои придонесуваат за развој на туризмот како Светската туристичка организација, Европската патничка комисија, Централно европската иницијатива и др., учество на саеми, како и билатералните соработки во областа на туризмот, како и плаќање на членарина за Светската туристичка организација;
- дигитален маркетинг за туристичкиот потенцијал во Република Северна Македонија (електронска промоција на Република Северна Македонија во светски социјални медиуми како што се google, facebook, twitter и други);
- поддршка на Активен туризам (активности кои се поврзани со активниот туризам и екстремни, односно адреналински спортови);
- субвенции за туристички цели на селски домаќинства (градење или адаптација на селски домаќинства кои ќе даваат угостителски услуги);
- промоција на еколошки зони (еко-туризам);
- кампања за безбедно патување пред почнување на туристичките сезони; и
- субвенции за дигитализација на туристичко/угостителскиот сектор (подобрување на дигиталната промоција на туристичко/угостителскиот сектор).

Исто така, голем проект за поттикнување на еколошкиот, адреналинскиот и руралниот туризам спроведуваат два проекти поддржани од Владите на Швајцарија и С.А.Д.

## 5. Трговија

Република Северна Македонија низ годините се јавува како потписник на неколку мултилатерални договори за слободна трговија како: Средноевропски договор за слободна трговија (CEFTA), Спогодбата за асоцијација и стабилизација (SAA) потпишан со земјите-членки на ЕУ од аспект на трговија и на инвестиции и Европската асоцијација за слободна трговија (EFTA) чии што членови денес се Швајцарија, Норвешка, Исланд и Лихтенштајн. Значаен договор за Република Северна Македонија е трговскиот договор ЦЕФТА, склучен помеѓу Албанија, Босна и Херцеговина, Македонија, Молдавија, Србија, УНМИК во име на Република Косово и Црна Гора. Република Северна Македонија преку овие трговски договори добива подобра и поконкурентна позиција на интернационалните пазари, со либерализација за домашните производи за тргување, како и олеснување на условите за увоз на интернационалните производи со што им го поедноставува патот на домашните компании кои се бават со извоз и им овозможува подобар пристап и простор да се пласираат и надвор од земјата. Конкурентноста на странските пазари на Република Северна Македонија низ годините пополека се подобрува со воведување на нови стандарди во нашето законодавство и програми за поддршка на трговските практики, иако сеуште заостанува зад европските земји.

*Табела 12. Стоковна размена, 2021*

| | Извоз - илјади евра | Увоз - илјади евра | Трговски баланс - илјади евра | Покриеност на извозот со увозот (%) -евра |
|---|---|---|---|---|
| **2021** | 6.922.573 | 9.638.290 | -2.715.716 | 71,8 |
| **2020** | 5.781.084 | 7.599.420 | -1.818.335 | 76,1 |
| **2019** | 6.433.300 | 8.441.049 | -2.007.749 | 76,2 |
| **2018** | 5.872.484 | 7.676.329 | -1.803.845 | 76,5 |
| **2017** | 5.018.676 | 6.834.891 | -1.816.215 | 73,4 |

*Извор: Државен завод за статистика*

Во 2020 година поради економската криза предизвикана од Ковид-19 пандемијата имаше негативно влијание врз трговската размена на Република Северна Македонија, но во 2021

година се бележи повторно зголемување на стоковната размена на РСМ, кај извозот како и кај увозот (види Табела 12).

Според Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија, статистиката за стоковната размена според се води по принципот на специјална трговија. Оттука, вкупната вредност на извозот на стоки во 2021 година изнесува 6.922.573 илјади евра, додека вредноста на увезената стока во РСМ изнесува 9.638.290 илјади евра. Во 2021 има продлабочување на трговски дефицит за 3,3 % од БДП, односно повисокиот раст на увозот од растот на извозот на стоки, кое е последица на ценовниот ефект од зголемувањето на берзанските цени на примарните производи на светските пазари, особено кај енергенсите. Трговскиот дефицит за 2021 година изнесува 2.715.716 илјади евра или 71,8% на покриеност на увозот со извоз, со што се бележи пад во покриеноста на извозот со увозот за 4,3%. Како најголем трговски партнер за на надворешнотрговската размена на Република Северна Македонија во 2021 година останува Германија. Анализата за надворешнотрговската размена по застапеност на производи бележи наголемо учество за извоз на машини и транспортни уреди, додека, во увозните производи најзастапени се производи класирани според материјалот.

## 5.1. Извоз

Стоковната размена според економските групации на земјите на Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија, покажува дека високи 77% од вкупниот извоз се одвива во рамки на земјите на ЕУ, а 11% кон земјите од Западен Балкан.

*График 7. Стоковна размена според економските групации на земјите: Извоз, 2021 година*




*Извор: Државен завод за статистика*

## 5.2. Увоз

Увозот на Република Северна Македонија, по стоковната размена според економските групации на земјите покажува дека најголемиот процент доаѓа од земјите на ЕУ – 46%, потоа 17% од Друго- земји на друго место наспомнати, 9% од земјите од Западен Балкан, 8% од Организација за економска соработка на земјите од Азиско-пацифичкиот Регион.

*График 8. Стоковна размена според економските групации на земјите: Увоз, 2021 година*




Извор: Државен завод за статистика

## 5.3. Обем на размена и трговски дефицит

Трендовите од надворешната трговија на РСМ низ изминатата деценија покажуваат раст кај увозот и кај извозот, со исклучок на 2020 година каде се бележи пад, кој се должи на економската криза предизвикана од светската пандемија на Ковид-19. Во 2021 година се бележи повторен раст на увозот и извозот, меѓутоа се појавува и негативно зголемување на трговскиот баланс, односно трговскиот дефицит се зголемува.

*График 9. Надворешна трговија, десетгодишен преглед*




*Извор: Државен завод за статистика*

Во периодот од 2012 до 2019 година покриеноста на извозот со увозот има растечки тренд, додека во 2020 и 2021 година се јавува намалување во покриеноста на извозот со увозот, како што е прикажано во График 10.

*График 10. Покриеност на извозот со увозот, 2012 -2021 година*




*Извор: Државен завод за статистика*

## 5.4 Дигитална трансформација на деловниот сектор

Владата, вклучувајќи ги сите министерства и институции, ќе работи на четири полиња и тоа: политики и стратегии, управување со инциденти и заштита на инфраструктурата од сајбер-напади, сајбер-криминал, сајбер-култура како и градење капацитети. Сето ова е во насока на постигнување на стандардите на ЕУ за сајбер безбедно општество, заштитувајќи ги граѓаните и државните системи од сајбер напади. Во таа насока, Владата усвои Национална стратегија за сајбер безбедност на Република Македонија 2018-2022 година и Акционен план за сајбер безбедност за периодот 2018-2022 година. Документите, меѓу другото, се усогласени со Стратегијата за сајбер-безбедност на Европската унија и ветувањето за сајбер одбрана на НАТО.

Од оваа појдовна точка може да се размислува за унапредување на дигитализацијата на компаниите и поврзаните институции, како и поддршка на е-трговијата. Електронската трговија и по здравствената криза бележи зголемен обем, а земјата доживеа многу брз развој на информатичкото општество. Според податоците на Државниот завод за статистика за 2021 година, 86,4 отсто од населението биле корисници на Интернет, а 83,7

отсто од домаќинствата имале пристап до Интернет, додека кај претпријатијата со десет или повеќе вработени оваа бројка изнесува 94,1 отсто. Сепак, сајбер екосистемот во Република Северна Македонија е сè уште во раните фази, карактеризиран со главно несвесни учесници за сајбер ризиците и заканите од онлајн услугите како на страната на јавните институции и фирмите, така и помеѓу потрошувачите.

Во рамки на проект на УСАИД, изработена е брошура во 2012 година во која се наведуваат деловни сегменти кои можат дигитално да се трансформираат во една компанија, и тоа поделени во пакети за имплементација. Изработена била со цел да го поддржи процесот на дигитална трансформација за компаниите кои работат во секторите земјоделство и преработка, лесно производство (облека и текстил, преработка на дрво), како и туризам (еко-туризам, рурален туризам и авантуристички туризам). [21] Иако, би можело да се каже дека со мали алтерации, слични се дигиталните трансформации во повеќето фирми, и тоа:

- Пакет услуги за буџетирање
- Пакет услуги за финансиско водење и подготовка на извештаи
- Пакет услуги за производство (Стандард MRP2)
- Пакет услуги за управување со продажба и продажба
- Пакет услуги за раководење со процес на набавки
- Пакет услуги за наплата на готовина
- Пакет услуги за процесирање на плаќања на сметка
- Пакет услуги за теренско работење
- Пакет услуги за архивирање
- Пакет услуги за клуб за лојалност
- Пакет услуги за внатрешно управување.

Но, ова претставува слаба точка на македонските бизниси, а особено на ММСП, па потребно е многу да се работи со сите целни групи како би се овозможил одржлив дигитален развој по светски стандарди. Секако, Стопанска комора за информатички и

[21] https://masit.org.mk/wp-content/uploads/2021/09/digital-transformation-saso-jovanovski.pdf

комуникациски технологии – МАСИТ[22], која ја претставува Македонската ИКТ индустрија и ги промовира и застапува бизнис интересите на ИКТ компаниите со цел унапредување и развој на ИКТ индустријата и бизнис опкружувањето, долги години работи на алатки за овозможување на побрза дигитализација на бизнисите.

## 5.5 Електронска трговија

Според Годишниот извештај за работата на Асоцијацијата за е-трговија на Македонија за 2021 е-трговијата во светски рамки оди по нагорна линија, а истата слика се пресликува во домашната економија.[23] Како продажен канал, е-трговијата одигра исклучително важна улога во општеството во 2020 и 2021 година, овозможувајќи безбеден пристап на потрошувачите до стоки и услуги во време кога беа воспоставени ограничувања и рестриктивни мерки за заштита на здравјето на луѓето. Дополнително, е-трговијата претставуваше основен начин за адаптација на бизнисите со цел да се одржат на пазарот и компензираат за падот во продажбите на физичките локации како и да придобијат нови клиенти. Како резултат на тоа, онлајн продажбата забележа исклучителен раст. Според Народна банка на Република Северна Македонија, се забележува годишен раст од дури 59% проценти во онлајн трансакциите во 2021 споредено со 2020 година. Вкупната вредност на онлајн трансакциите во 2021 изнесувала 437 милиони евра, од кои кај домашните е-трговци се слеале 335,3 милиони евра, и тоа само 5% од трансакциите се реализирани од страна на странски картички, додека 95% се од домашни платежни картички. За разлика од 2019 кога бројката на онлајн трансакции остварени во Македонија изнесувала 139 милиони евра, од кои 85.5 милиони биле потрошени кон странски е-трговци.

*График 11. Пораст на е-трансакциите кон домашни и странски е-трговци по години, и пораст во %*

[22] https://masit.org.mk/
[23] https://ecommerce.mk/wp-content/uploads/2022/01/yearly-report_ecommercemk_2021-compressed.pdf




*Извор: НБРСМ*

Вкупниот број платежни картички на крајот од 2021 година изнесуваше 2,1 милион издадени картички, при што картичките засновани на бесконтактна технологија коишто овозможуваат извршување брзи и ефикасни плаќања преовладуваа во вкупниот број платежни картички (68,3%). Порасна и бројот на дигитализираните платежни картички за вршење плаќања преку мобилни телефони и преку други паметни уреди за вршење бесконтактни плаќања на 43.638, од кои најголемиот процент (75,7%) се дигитализирани платежни картички со дебитна функција, а остатокот им припаѓа на дигитализираните платежни картички со кредитна функција. Овој раст го пратеше раст на бројот на уредите за извршување бесконтактни плаќања, на уредите на физичките места на продажба коишто поддржуваат бесконтактни плаќања, како и на уредите за електронски трансфер на средства на физичките и виртуелните места на продажба.[24]

Народна Банка на Република Северна Македонија известува дека врз прифаќањето на платежните картички како платен инструмент во земјата влијаат, меѓу другите фактори, и надоместоците коишто банките и другите финансиски институции ги наплатуваат од

[24] Годишна информација за плаќањата во Република Северна Македонија во 2021 година, НБРСМ

трговците за поставената инфраструктура (ПОС-терминали) за прифаќање на плаќањата со платежни картички. Во таа смисла, во 2021 година, просечниот надоместок којшто банките и другите финансиски институции го наплатиле од трговците изнесуваше 1,19% од вредноста на прометот и забележа мал пад од 0,02 п.п. во споредба со 2020 година.

*График 12. Надоместоци на продажното место*




*Извор: НБРСМ*

На крајот на 2021 година, е забележан годишен пад од 1,8% кај вкупниот број трговци во земјата коишто прифаќаат плаќања со платежни картички (12.885), како последица на намалувањето на бројот на трговците на физичките места на продажба за 3,1% (11.539). Од друга страна, пак, потребата од одржување на социјалната дистанца за заштита на граѓаните ги насочи компаниите кон отворање виртуелни продавници. Така, во споредба со минатата година, е забележан годишен раст на бројот на трговци коишто прифаќаат плаќања со картички на виртуелните места на продажба за 11,2% (1.346). Од аспект на активноста на трговците, забележано е дека 91,1% од вкупниот број трговци, биле активни во текот на 2021 година, при што високата активност произлегува пред сè од бројот на трговците на физичките места на продажба (11.738 или 92,5%), додека, пак, бројот на

активните трговци на виртуелните места на продажба изнесуваше 1.059, коишто сочинуваат 78,7% од вкупниот број трговци коишто прифаќаат плаќања со картички на виртуелните места на продажба.

Домашната понуда во е-трговијата продолжува да расте и понатаму, односно бројот на новоотворени онлајн продавници бележи раст од 22,5% во 2021 година. Во текот на 2021 година се отвориле 312 нови виртуелни продажни места, со што вкупниот број на е-продажни места на крајот на 2021 година изнесува 1696.

Но, и покрај порастот домашните трговци, информираат од  Асоцијацијата за е-трговија на Македонија[25], се соочуваат и со бројни проблеми при е-продажбите на домашниот пазар, а како резултат на несоодветните и нејасни законски решенија кои влијаат ограничувачки на понатамошниот раст на е-трговијата. Регулативата бавно ги рефлектира брзите промени кои ги носи дигиталната економија, онлајн продавањето и маркетплејс платформите кои функционираат како бизнис модели. Една од најголемите пречки произлегува од Закон за регистрирање на готовински плаќања, при што фискална сметка се издава во моментот на плаќањето како потврда за плаќањето на цената на доброто или услугата. По исклучок, кога продажбата се врши преку посредник, трговецот (ресторан на пример) фискалната сметка би требало ја издава на дистрибутерот (посредник, доставувач) кој е должен да ја предаде на купувачот при преземање на доброто и плаќање за него. Неприменливоста во пракса значи дека продавачот треба да издаде фискална сметка со производот, а средствата за истиот да ги добие од посредникот одложено по банкарски пат.
Едно од решенијата е да се овозможи фискалната сметка да поддржува и форма на одложено плаќање за реализираниот промет, односно плаќање на банкарски начин, кое ќе се применува во случај кога испораките на нарачките се вршат преку посредник. Фискалните апарати би требало да се прилагодени за повеќе видови плаќања, и тоа наплата во готово, наплата со картичка (банкарско плаќање во реално време), наплата преку сметка (одложено банкарско плаќање, од трансакциска на трансакциска сметка) и

[25] https://ecommerce.mk/

друг начини на наплата (со ваучери, бонови, поени, интерни картички, тнр. пресметковно плаќање). Сите форми на плаќање се лесно проверливи од страна на инспекциските органи, функционира во соседните држави како Србија, Босна и Херцеговина и Хрватска.

Понатаму, според резултатите од истражувањето за дигиталната подготвеност и зрелост на компаниите на Македонски телеком од 2021 година, само 28% од компаниите се дигитално зрели, 42% се компании со средна дигитална зрелост, а 30% се компании со ниска дигитална зрелост, види График 13. Најкористени дигитални услуги се онлајн плаќањата кон други компании, користење на софтвер релевантен за оперативното работење и присуство на Социјалните медиуми. Мал процент од компаниите поседуваат веб страница, во мала мера користат веб комуникација со своите корисници и имаат низок процент на употреба на корпоративен софтвер за планирање на ресурси и односи со корисници.

*График 13. Дигитална зрелост на компаниите според големината, 2021 година*




Извор: [Digitalna-zrelost.pdf (telekom.mk)]

На национално ниво, компаниите може да се класифицираат како компании со средна дигитална зрелост со просечна вредност на дигитален индекс од 40.1. Резултатите од пресметката на дигиталниот индекс укажуваат на фактот дека степенот на дигитална зрелост на една компанија е условен од големината и дејноста на компанијата. Дигитално зрели се 95.3% од големите компании и само 14% мали компании со помалку од 10 вработени. Долгогодишните компании (>30год) се евидентирани како компании со

најголема дигитална зрелост. Во однос на дејноста, компаниите од областа на градежништво се со најголем, а компаниите од областа на малопродажба се со најмал удел во дигитално зрели компании. Пелагонискиот регион е со највисок индекс на дигитална зрелост. Не-дигиталните компании пак се со најголема застапеност во Југозападниот регион (53,4%) и Полог (47,9%). Ниското ниво на свесност на македонските компании за важноста на дигитализацијата резултира и со ниски вложувања во развој на дигитални вештини на вработените.[26]

Најголемите предизвици со кои се соочуваат компаниите за поинтензивно користење на дигиталните услуги и дигитализацијата на бизнис процесите се цената (76%) на дигиталните услуги, корисничката поддршката и едукација (57%) како и едноставноста во користењето (57%). Цената е најважен фактор кај најмалите фирми, и најголем дигитален јаз се забележува токму кај овој сегмент.

Достапноста на производите/услугите во виртуелно опкружување се од големо значење за успехот и конкурентноста на компаниите на 21 век, а особено за МСП секторот. Препознавајќи го овој предизвик, новата стратегија на ЕУ е насочена токму кон поддршка на дигитализацијата на МСП. АППРСМ планира обуки за младите и невработените како и потенцијалните претприемачи, како и за наставниците кои предаваат претприемништво за дигитални бизнис модели во 2022 година со цел да го поддржи трендот на овој тип на работење. Но, може да се заклучи дека има нужна потреба од повеќе обуки, настани и алатки за поддршка на бизнисите во процесот на дигитализација и е-трговија.

[26] https://www.macedonia2025.com/mk/archives/how-digital-are-macedonia-and-macedonians/

# 6. Пазар на труд

Обезбедување на континуиран, забрзан и одржлив економски раст како и повисок животен стандард за сите граѓани на Република Северна Македонија е една од приоритетните стратешки цели на програмата на Владата за 2022 година. МСП како двигатели на економскиот развој на државата имаат најголем удел во имплементацијата и реализацијата на стратегиите како и на програмите за вработување кои се усвојуваат на државно ниво, а се програмски синхронизирани преку работата на засегнатите институции како што се Влада, министерство за труд и социјална политика, министерство за економија, агенција за вработување, агенција за промоција и поддршка на претприемништвото и останати сродни тела. Генерално, политиката на работење на институциите се спроведува преку однапред дефинирани програми, стратегии и мерки кои придонесуваат за континуирана поддршка на МСП и движење на економските показатели во позитивен правец. Во 2022 година тие политики се спроведуваат преку официјалните документи како што се Програма на Владата 2022-2024 година, Национална стратегија за вработување 2021-2027 и акциски план за вработување 2021-2023 година, Оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот 2022, Стратегија за МСП 2018-2023, Стратегија за национална конкурентност, Стратегија за развој на женско претприемништво во РСМ (2019-2023) како и План за забрзан економски раст (2022-2026). Сите овие стратегии, планови и програми, како и слични неспоменати се во насока на поддршка и развој на претпријатијата во РСМ како и поттикнување и брзо развивање на иновациите и претприемништвото на национално ниво.

## 6.1 Вработување

Статистичките податоци укажуваат на голем процент на постоечки компании кои според бројот на вработени се класифицирани во МСП. Токму овој факт е појдовна основа за стратешките програми кои се насочуваат кон поддршка на МСП и обезбедување на поволни услови за нивното деловно работење. Меѓу другото, МСП имаат голема улога во вработувањето во Република Северна Македонија и врз основа на тоа се основни

причинители за отворање на нови работни места и намалување на стапката на невработеност. Според последните податоци од Државниот завод за статистика, бројот на работоспособно население заклучно 2021 година изнесува 1.682.800. Во споредба со 2020 година бележи намалување од вкупно 0,0016%.

*График 14. Работоспособно население, стапка на активност, вработеност и невработеност, споредбен приказ на 2020 и 2021 година*




*Извор: Државен завод за статистика на РСМ, Макстат база*

Стапката на активност во 2021 година е намалена за 0,4%, додека стапката на вработеност изнесува 47,2% и е непроменета во споредба со 2020 година. Стапката на невработеност бележи рекордно намалување на 15,7% и во споредба со 2020 година намалена е за 0,7%, види График 14.

Од вкупниот број на работоспособно население во Република Северна Македонија, во 2021 година вкупната работна сила броела 943.004 лица, а споредена со 2020 година намалена е за 0,008%. Вработени лица од вкупниот број на работоспособно население се 84,3%, а невработени се 15,7% лица.

*График 15. Работоспособно население според економската активност, споредбен приказ на 2020 и 2021 година*




*Извор: Државен завод за статистика на РСМ, Макстат база,*

Забележливо е намалувањето на бројот на невработени лица во 2021 година за 5,1% во споредба со бројот на невработени во 2020 година, но и зголемување на бројот на неактивно население за 0,68%. Поради намалување на бројот на невработени лица, намалена е и стапката на невработеност.

*График 16. Стапки на вработеност според највисокото стекнато ниво на образование[27] во 2020 и 2021 година*




*Извор: Државен завод за статистика на РСМ, Макстат база,*

[27] https://www.stat.gov.mk/KlasifikaciiNomenklaturi/2.8.14.01.pdf

Според графичкиот приказ погоре, График 16, може да се забележи дека со најголема стапка на вработеност или 80,4 од вработените лица според степенот на образование спаѓаат во категоријата на лица со терцијарно образование (ниво 5 и 6). Во споредба со 2020та година оваа стапка бележи зголемување за 1,2. Понатаму, со стапка на вработеност од 68,7 се вработени лица со средно ниво на образование ( ниво 3 и 4), а со најмала стапка на вработеност е категоријата на лица со предучилишно и основно образование (ниво 0-2).

### *Примања*

Во однос на месечните примања на вработените, просечната бруто плата е во постојан пораст од 2017 година наваму, што претставува дополнително оптеретување за и онака ограничените средства со кои располагаат повеќето мали и средни претпријатија. Во 2017 година просечните месечни бруто примања биле на ниво на 33.678 МКД, во 2018 година се зголемиле на 35.626 МКД, во 2019 година се забележува повторно зголемување на 37.449 МКД, во 2020 година на 40.569 МКД за во 2021 година да достигнат до 42.886 МКД, што претставува покачување за 27% во период од 5 години, види График 17.

*График 17. Вкупно просечна исплатена месечна бруто-плата, во денари, 2017-2021*




*Извор: Макстат база, линк*

Според податоците на Државниот завод за статистика, просечната месечна исплатена нето-плата по вработен во текот на 2021 година изнесува 27.717 денари, во споредба со 2020 година просечната нето плата е зголемена за 5,4% проценти (График 18).

*График 18. Просечна исплатена месечна нето-плата по вработен, споредбен приказ за 2020 и 2021 година*




*Извор: Државен завод за статистика, Макстат база*

Растот на просечните бруто и нето плати во 2021 година е како резултат од зголемувањето на минималната плата во 2020 година како и од редовното зголемување на минималната плата од април 2021 година. Значително влијание на зголемувањето на просечната плата се и факторите како недостаток на работна сила во одредени сегменти и ефектот од кризата којшто доаѓа до израз преку намалувањето на бројот на вработените со плата пониска од просечната. Номиналните нето и бруто-плати забележаа годишен раст од 5,7%[28].

Зголемување на нето-платите е забележана кај сите сектори на дејности, а најголем раст е забележан во дејностите коишто беа најпогодени од пандемијата, како и дејностите поврзани со дигитализација во услови на пандемија. Највисок раст на платите бележат дејностите поврзани со „објекти за сместување“ (10,9%), „уметност, забава и рекреација“ (10,7%), други услужни дејности (10,5%), „информации и комуникации“ (10,1%). Понатаму

[28] Годишен_извештај_2021_НБ.pdf (nbrm.mk)

раст е забележан и во стручните и научните дејности (9,4%), рударството и вадењето камен (7,7%), административните и помошните услужни дејности (7,8%), како и трговијата на големо и трговија на мало; поправката на моторни возила и мотоцикли (7,4%).[29]

*График 19. Просечни бруто и нето-плати во % и просечни нето-плати по сектори во %*




Извор: НБРСМ, Годишен извештај 2021

## 6.2 Самовработување

Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија секоја година подготвува, усвојува и имплементира оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на труд со поддршка на Агенцијата за поддршка на претприемништвото. Програмите и мерките се секогаш во координација со другите институции кои се директно или индиректно поврзани со имплементацијата и реализацијата на тие мерки.

Како прва и основна мерка во оперативниот план на АВРСМ е програмата за самовработување односно мерка за поддршка на невработените лица за отпочнување на сопствен бизнис.[30] Мерката за самовработување е поврзана со поддршката и развојот на претприемништвото во Република Северна Македонија. Истата претставува финансиска помош со висина до 307.500 денари или 615.000 денари, доколку правниот субјект се основа од страна на 2 содружници, а насочена кон отпочнување на бизнис за невработени

[29] Годишен_извештај_2021_НБ.pdf (nbrm.mk)
[30] https://av.gov.mk/operativen-plan.nspx

лица. За пријава и користење на оваа мерка и програма, потенцијалните апликанти треба да припаѓаат на една од следниве категории на невработени:

- Невработени млади лица до 29 години;
- Невработени лица со попреченост;
- Невработени лица-мажи до 60 години и жени до 58 години;
-Жени-жртви на родово базирано насилство и жртви на семејно насилство;
- Невработени лица кои сакаат да го формализираат својот бизнис- мажи до 60 години и жени до 58 години;
- Невработени лица Роми- мажи до 60 години и жени до 58 години;
- Невработени лица поради Корона вирус - мажи до 60 години и жени до 58 години;
- Невработени лица повратници- мажи до 60 години и жени до 58 години;

Корисници на оваа мерка може да бидат и невработени лица кои имаат завршено обука за претприемништво и/или изработено бизнис план во 2021 година.

Оваа мерка за поддршка на самовработувањето може да се користи во комбинација со други мерки кои ќе ја олеснат финансиската инвестиција во бизнисот како: мерката за субвенционирање на плати и вработување и раст на правни субјекти. Покрај финансиската поддршка, апликантите за оваа мерка добиваат и бесплатна советодавна поддршка за изработка на бизнис план преку ваучер системот на советување на АППРСМ. Оваа мерка за самовработување се реализира на годишно ниво преку јавен повик од страна на АВРСМ.

Во однос на потребите и расположливиот буџет условите за добивање на средства за основање на бизнис преку оваа програма се менуваат од година во година. Согласно програмата на Владата на Република Северна Македонија 2022-2024, со оперативниот план во активните мерки за вработување, ќе се настојува да се постигне зголемување на опфатот на Роми од 5%.

## 6.3 Вработување по сектори на економска активност

Според податоците за вкупен број на вработени во претпријатијата по сектори на дејност, во 2021 година се бележи најголем раст во 3 сектори и тоа секторот преработувачка

индустрија со 20% од вкупниот број на вработени лица во Република Северна Македонија, потоа сектор трговија на големо и трговија на мало, поправка на моторни возила и мотоцикли со 15% од вкупниот број на вработени и со 12% вработени лица во секторот земјоделство, шумарство и рибарство, види График 20.

*График 20. Вработени според секторите на дејност на деловниот субјект во 2021 година*




*Извор: Државен завод за статистика на РСМ, Макстат база*

Секторите кои се карактеризираат со мал број на вработени односно со застапеност помала од 1% се дејности во врска со недвижен имот и дејности на екстериторијални организации и тела, истите не се прикажани на графиконот поради ниската процентуална застапеност.

Оваа статистика ја оправдува заложбата на Владата преку Стратегијата за индустриска политика 2018 -2027 да го засили производниот сектор.

## 6.4 Вработување според видот на сопственост на претпријатијата

Според видот на сопственост на претпријатијата во Република Северна Македонија, истите се делат на претпријатија во приватна сопственост и претпријатија во друга сопственост. Податоците прикажани на График 21 подолу се заклучно 2021 година и даваат приказ на бројот на вработени според пол и вид на сопственост како и структура според сопственост изразена во проценти.

*График 21. Вработени според видот на сопственоста на деловниот субјект и полот, 2021 година*




*Извор: Државен завод за статистика на РСМ, Макстат база*

Може да се заклучи дека најголем број на вработени, според сопственоста на претпријатијата, се во деловни субјекти со приватна сопственост, односно од вкупно 795.087 вработени, 594.243 или 74,7% се вработени во претпријатија со приватна сопственост, а 200.844 или 25,3% во претпријатија со друг вид на сопственост. Во однос на полот и во двата вида на сопственост на деловните субјекти доминира бројот на вработени

мажи во споредба со бројот на жени. 360.873 мажи или 76,3% и 233.370 жени или 72,4% се вработени со претпријатија во приватна сопственост.

Понатаму, во однос на статусот на вработеноста, вкупниот број на вработени кај други сопственици во 2021 година а во споредба со 2020 година бележи минимално зголемување од 0,7%, односно од 81,9% во 2020 на 82,6% во 2021 година. Во однос на полот, поголем е бројот на жени во споредба со бројот на мажи, односно 86,5% од жените се вработени кај други сопственици, додека 80% се мажи, види График 23. Ситуацијата е поразлична кога се работи за работна сила која истовремено е регистрирана како работодавачи, тука доминираат мажите и тоа во 2021 година, според економскиот статус 5,7% биле мажи додека само 2% биле жени работодавачи. И кај вработените за сопствена сметка ситуацијата е слична, имено 12% од работната сила според економски статус се мажи додека 5,1% се жени. Целосно се менува статистиката кога се работи за домашни работници, овде доминираат жените со 6,4%, а помалку или 2,2% регистрирани како домашни работници се мажи во 2021 година.

*График 22. Вработени според економски статус и пол, споредбен приказ на 2020 и 2021 година*




*Извор: Државен завод за статистика на РСМ, Макстат база*

## 6.4.1 Креативни индустрии

Во 2020 година 7,4 милиони луѓе биле дел од работната сила во секторот на креативни индустрии или 3,7% од вкупниот број на вработени во ЕУ. Односот на самовработените лица на полето на културата во ЕУ бил двојно поголем во однос на просечните вредности на целокупната економија.[31] Во периодот од 2019 до 2021 година бројот на вработените со креативните, уметничките и забавната индустрија во ЕУ забележал пад за 100 000 (-10%).

*График 23. Пазар на труд во ЕУ во креативните индустрии во %, 2019-2021 година*




*Извор: Еуростат*

Промените во вработеноста во културата во текот на овој тригодишен период следеа различни модели низ Европа, види График 23. За првата група земји, стапката на вработеност во културата се зголеми и во 2020 и во 2021 година (Латвија, Франција, Португалија, Чешка, Бугарија, Белгија, Унгарија и Литванија). Втората група земји доживеа пад на вработеноста во културата во 2020 година, по што во 2021 година следеше закрепнување или дури и раст во споредба со нивото од 2019 година (Грција, Холандија, Кипар, Шпанија и Словачка). Само во Словенија и Хрватска, и покрај зголемувањето во 2020

---

[31] Извор: Еуростат и Извештај за културни индустрии на ЕУ, линк

година, вработеноста во културата во 2021 година падна под нивото од 2019 година. Во Полска, Естонија, Ирска, Австрија, Германија, Шведска, Италија, Финска, Луксембург, Малта и Романија, културните работници беа под нивото од 2019 година и во 2020 и во 2021 година. Данска забележа исто ниво на вработеност во културата во 2019 и 2020 година, со пораст во 2021 година. Република Северна Македонија вработува во 2020, слично како и останатите земји кандидати за членство 3,3% што е слично на земјите од Западен Балкан, и пониско од ЕУ просекот, за жал нема податоци за 2021 како би можеле да направиле детална анализа на движењата во во овој сегмент на пазарот на труд.

Од 2011 година, учеството на жените во културните вработувања е зголемено. Во 2011 година, 3,63 милиони мажи и 3 милиони жени биле вклучени во професионални активности поврзани со културата, со јаз од 0,63 милиони единици. Десет години подоцна родовиот јаз се намали на 0,16 милиони, со 3,76 милиони мажи и 3,60 милиони жени. Во Република Северна Македонија изостанува прегледна статистика за слични споредби.

Токму затоа, зголемувањето на учеството на жените на пазарот на трудот е една од целите на политиките на Европската комисија посветена на промовирање на родовата еднаквост на пазарот на трудот преку микс на законодавство, политики и финансиска поддршка.

## 6.5 Невработеност во Република Северна Македонија

Континуираниот економски раст и подобрување на животниот стандард на населението, зависи и од невработеноста како економски показател за кој е потребно преземање на одредени активности со цел намалување на стапката на истиот.

Последните неколку години, стапката на невработеност бележи мало намалување што е од исклучителна важност за економската одржливост. Стратегиите, програмите и мерките за намалување на стапката на невработеност всушност имаат позитивен исход и токму поради тоа е потребно континуирано усовршување на вештините и знаењата.

График 24 подолу ја отсликува стапката на невработеност во последните 5 години. Од 22,4% во 2017 година невработеноста во РСМ е намалена за  цели 6,7% и заклучно 2021 година истата изнесува 15,7%.

*График 24. Стапка на невработеност, од 2017-2021 година*




*Извор: Државен завод за статистика на РСМ, Макстат база*

Од вкупниот број на работоспособно население во државата или 943.004 лица, невработени според евиденција се 147.917 лица, а неактивни се 739.796 лица во 2021 година. Во однос на школската подготвеност, најголем процент на невработени се лица со завршено четири годишно средно образование или 48,1%, потоа со основно образование 20,1% и со високо образование 19,4%  од невработените лица. На График 25 даден подолу е прикажана споредба на невработените лица според образование во 2020 и 2021 година. Може да се забележи дека вкупниот број на невработени во 2021 година е намален а како резултат на тоа и стапката на невработеност во 2021 година бележи намалување. Во однос на школската подготвеност процентот на невработени со високо образование во 2021 година е намален за 2,4% што укажува на зголемување на вработени лица  во 2021 година кои според школска подготовка се со завршено високо образование, види График 25.

*График 25. Невработени според школската подготовка во 2021 година*




*Извор: Државен завод за статистика на РСМ, Макстат база*

## 6.6 Програми за поддршка на вработувањето

Програмите и поддршката во вработувањето на невработените лица во Република Северна Македонија генерално произлегуваат од оперативниот план на АВРСМ. Последниот официјално усвоен за реализација од 2022 година, упатува на следните програми кои се реализирани:

-поддршка за самовработување (претприемништво)

-поддршка за креирање на нови работни места преку:

- субвенционирање на плати
- вработување и раст на правни субјекти
- поддршка за вработување на лица со попреченост

Поддршката за самовработување овозможува невработените лица да отворат сопствен бизнис, а програмата е детално разработена во точка 6.2 погоре.

Понатаму, поддршката за креирање на нови работни места има за цел да го поттикне вработувањето на невработени лица во МСП, социјални претпријатија и граѓански непрофитни организации преку:
- субвенционирање на плати на невработени лица од одредени категории со вкупен опфат од 1528. Субвенционирањето на платите е на определен рок од 3, 6 или 12 месеци и изнесува 19.000 денари по лице на месечно ниво. Пријавувањето за оваа програма може да биде од страна на претпријатието/организацијата или од невработеното лице;
- вработување и раст на правни субјекти претставува поддршка во создавање на нови работни места кај МСП, социјални претпријатија и граѓански непрофитни организации; целната група се невработени лица, а со мерката се опфаќаат најмногу 262 корисници. Финансиската поддршка за ново вработување зависи од возраста и бројот на одобрени вработувања односно до 460.000 денари, 768.750 денари или 1.000.000 денари; и,
- поддршка за вработување на лица со попреченост со цел да се зголеми вработливоста и можностите за вработување на евидентираните невработени лица со попреченост. Со оваа мерка се опфаќаат до 350 лица.

За намалување на невработеноста и создавање на нови работни места се јавува потреба за континуирано следење на понудата и побарувачката на пазарот на труд. Врз основа на тоа АВРСМ секоја година спроведува анкета за потребите на пазарот на труд[32] од која произлегува извештај со податоци за краткорочните потреби на работодавачите во однос на нови вработувања како и потребата од вештини кои треба да бидат поседувани од страна на лицата со цел да бидат конкурентни на пазарот на труд. Се потенцираат краткорочните потреби на работодавачите бидејќи анкетата се заснова на факторот потреба од вработени во период од 6 до 12 месеци во претпријатието. Исто така, креираат оперативни планови со програми и мерки за вработување. Последната анкета е спроведена во месец октомври/ноември 2021 година, а извештајот е базиран на одговори од вкупно 2627 работодавачи со најмалку 7 или повеќе вработени. Во анкетата се опфатени мали, средни и големи претпријатија и краткорочните цели се базирани на препораки од истите.

[32]https://av.gov.mk

Бидејќи истражувањето е спроведено во период на социо-економска криза предизвикана од Ковид 19, претпријатијата имаа потенцирано дека поради Ковид 19 , приходите од производите/услугите во 2021 година умерено се намалиле. 40% од анкетираните претпријатија потенцирале умерено намалување на приходите од 20% до 50%, незначително намалување на приходите имале 39,4% од претпријатијата додека значително намалување или над 50% намалување на приходите имале 20,6% од претпријатијата. Покрај социо-економската криза како и енергетската криза, 57,2% од претпријатијата се изјасниле дека очекуваат константна побарувачка на нивните производи и услуги, 22,2% предвиделе намалување на побарувачката, а 20,6% од претпријатијата очекуваат подобрување и зголемување на побарувачката за нивните производи и услуги. Според дејноста, најголем процент од анализираните потреби за пазарот на труд се од работодавачи од преработувачката индустрија. Во однос на планските региони најголем број на работодавачи се од Скопскиот регион потоа Источниот и Југоисточниот регион.

Во однос на потребата од нови вработувања и очекувани вработувања во период од 12 месеци кај 48,7%% од анкетираните работодавачи се очекува остварување на 11.476 вработувања. Според класификацијата на претпријатијата, кај малите претпријатија се очекува 3.015 вработувања или 26,3% додека кај средните претпријатија се очекуваат 4.341 вработувања или 37,8%. Бидејќи најголем процент од анкетираните работодавачи спаѓаат во преработувачката дејност всушност во таа дејност се очекува да бидат реализирани и најголем дел од вработувањата односно 4.354 вработувања или 39,5%. Според степенот за образование, најголема потреба во преработувачката индустрија има од кандидати со завршено основно и средно образование или 44% од очекуваните вработувања во оваа дејност ќе бидат наменети за кандидати со образовен профил на завршено основно и средно училиште.

Побарувачката за високо образовани лица односно лица со завршени додипломски и постдипломски студии, најголема е во дејноста информации и комуникации, образование, во стручни, научни и технички дејности, финансиска дејност и дејности на осигурување како

и во дејности на здравствена и социјална заштита. 1.407 вработувања или 12,3% од вкупниот број на вработувања, се очекува да бидат наменети за кандидати со високо образование. Најголем процент или 45,9% од очекуваните вработувања од страна на претпријатијата во 2022 година се наменети за лица со средно образование. Во однос на потребните вештини, идните вработувања се темелат на поседување на вештини кај кандидатите од познавање на странски јазици, познавање на работа со компјутери потоа комуникациски вештини, амбициозност, одговорност, тимска работа, флексибилност.

Континуирано и Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија спроведе обуки за промоција на самовработувањето во 2021 година, и тоа:

- Генерирање на идеи за бизнис и изработка на бизнис план за млади
- Генерирање на идеи за бизнис и изработка на бизнис план за невработени
- Генерирање на идеи за бизнис и изработка на бизнис план за студенти, и
- Основање и раководење со социјални бизниси за наставници кои го предаваат предметот претприемништво.

## 7. Финансиска состојба и финансирање на МСП

Динамичен и продуктивен сектор на МСП се постигнува само со здраво финансиско работење на приватниот сектор, а од пресудно значење се поддршката на домашните платежните системи и банкарскиот сектор. Земајќи предвид дека имаат голем придонес во создавање нови работни места и економски развој, корпоративниот сектор потребно е континуирано да расте, а за тоа има потреба од ликвидност и стабилни финансиски институции и разновидни извори на финансирање. Разни анкети укажуваат на фактот дека пристапот со финансии и ниската финансиска писменост на претпријатијата се пречка за зголемен раст и инвестиции во иновации и развој.

Во текот на 2021 година, домашниот корпоративен сектор, со повторното отворање на економиите, го нормализира работењето и почна да закрепнува од последиците на пандемијата, што имаше силно влијание врз активностите на секторот во претходната година.[33] Придонес имаа и преземените мерки за поддршка на економијата и олабавената монетарна политика на Народната банка на Република Северна Македонија, што овозможи континуирано кредитирање на корпоративниот сектор и олеснување на финансиските услови. Закрепнувањето е бавно кај најмногу погодената, угостителската дејност, којашто и покрај тоа што оствари највисок раст на продажбите. Микро-претпријатијата и во 2021 година остварија загуба од работењето, но таа е двојно пониска споредено со претходната година, што укажува на одредено пост-пандемично заздравување и кај оваа група на субјекти. Корпоративниот сектор, во целина, ја заврши годината со подобрена профитабилност, умерен обем на задолженост и релативно стабилна, иако традиционално ниска, ликвидносна позиција. Долгот на корпоративниот сектор се зголеми во 2021 година, но неговата задолженост мерена преку учеството во БДП е стабилна и е под изведениот праг на ранливост. Од правно-формално постоечки субјекти, годишни сметки до Централниот регистар на Република Северна Македонија во 2021 година доставиле 63.603

[33] Извештај за финансиската стабилност во Република Северна Македонија во 2021 година, НБРМ

субјекти (57.254 субјекти во 2020 година), при што во рамките на дејностите опфатени во корпоративниот сектор се вклучени 56.733 субјекти (50.780 субјекти во 2020 година).

*График 26. Долг на корпоративниот сектор (горе лево), придонес во годишниот раст на вкупниот долг на корпоративниот сектор според типот на доверител (горе десно) и структура на долгот на корпоративниот сектор според типот на доверител (долу лево и десно)*




*Извор: Народната банка, Министерството за финансии и Државниот завод за статистика*

Вкупниот долг на домашниот корпоративен сектор во 2021 година забележа раст од 9,9%. Пост-пандемиското закрепнување на економската активност пратено со подинамичен раст на бруто домашниот производ овозможи стапката на задолженост на корпоративниот сектор на крајот од 2021 година да биде слична на онаа во 2020 година (68,5%, наспроти 68,7%). Нивото на долгот на корпоративниот сектор (мерено преку учеството во БДП) и натаму е под изведениот праг на ранливост, но го надминува просекот на задолженоста во

изминатиот десетгодишен период. Доколку долгот на домашниот корпоративен сектор се изрази без краткорочните трговски кредити, како инструмент за финансирање на трговската размена со странство, кој вообичаено е бескаматен, тогаш учеството на вкупниот долг на домашниот корпоративен сектор во БДП на крајот од 2021 година е пониско и изнесува 54,7%, при што бележи намалување споредено со 2020 година, види График 26.

*График 27. Избрани показатели за задолженоста на корпоративниот сектор, 2017-2021*

во пати и проценти




*Извор: Централен регистар*

Вкупната задолженост на домашниот корпоративен сектор умерено се зголеми во 2021 година и изнесуваше 49,5% (47,3% во 2020). Умерено зголемена е и задолженоста со каматоносен долг, која на крајот од 2021 година изнесува 23% од вкупните средства (22% во 2020). Во услови на отпочнување на процесот на економско заздравување, забележливо е зголемување на покриеноста на каматните расходи и расходите за финансирање со добивката од редовни активности, што укажува на подобрување на способноста за намирување на обврските од страна на корпоративниот сектор. За ова, покрај преовладувачките релативно ниски каматни стапки, свој придонес имаше и зголемувањето на профитабилноста на корпоративниот сектор. Воедно, во 2021 година забрза и растот на капиталот на корпоративниот сектор, што овозможи раст на должничкото финансирање, без позначително да се зголеми нивото на задолженост изразено како сооднос меѓу долгот и капиталот на корпоративниот сектор. Сепак, исклучително неизвесните глобални и домашни услови создаваат ризици за управувањето со долгот во следниот период, коишто се поизразени за субјектите со повисоко ниво на задолженост и оние што нема да успеат да

го приспособат работењето на новонастанатите услови. Ранливоста повторно е најголема во однос на микросубјектите коишто прикажаа негативен финансиски резултат во 2021 година, а истовремено имаат и најголемо годишно влошување на показателите за задолженоста од веќе постојното повисоко ниво и намалување на, и онака, ниската ликвидност.

Битно е да се напомене дека каматни стапки во 2021 година беа на најниско ниво при анализа на изминатата декада.

## 7.1 Финансиска поддршка за МСП

Анализата за понуда и достапност на кредитни линии од банкарскиот сектор наменети за МСП покажа дека банките нудат широк спектар на кредити, но искористеноста на истите е на незадоволително ниво.

Стратешкото планирање и планот за економски раст на Владата во однос на инвестиции и економски развој е насочено кон поддршка на домашните претпријатија со цел нивно континуирано развивање и зголемување, а се реализира на основа на јавни повици преку Министерството за економија.

Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје[34] во 2021 година пласирала 96,3 мил. евра пласирани кредити во странство, 31, 6 мил. евра пласирани бескаматни кредити и 64,7 мил. евра кредити од останати извори под поволни услови и ниски каматни стапки за компаниите[35]. Преку 3000 компании биле поддржани со кредитни алатки. Преку програмата за самовработување во соработка со АВРСМ биле поддржани 20000 работни места.

Во 2021 година Банката понудува пет нови програми и финансиски производи меѓу кои ЕИБ 6 кредитната линија наменета за финансирање на основни средства, трајни обртни

[34] https://www.mbdp.com.mk/
[35] https://www.mbdp.com.mk/Upload/Documents/GODISHEN%20IZVESHTAJ%20RBSM%202021-KONECHEN.pdf

средства и mid-cap компании со фиксна каматна стапка од 1,6% годишно. Понатаму, кредитирање на ММСП, индивидуални претприемачи, занаетчии, тезги на пазар и останати микро и мали субјекти преку КфВ – Германската развојна банка.

Фонд за иновации и технолошки развој[36] во 2022 спроведе анализата ќе се однесува само на компаниите кои што се ко-финансирани од страна на ФИТР во периодот од 2015-2020, а вклучени се и компаниите поддржани во 2021[37]. Според податоците од проектите ко-финансирани од ФИТР во периодот од 2015 – 2021 вкупната вредност на проектите изнесува 88.25 милиони евра. Од вкупната вредност 49.32 милиони евра (55%) се ко-финансирани од ФИТР додека 38.93 милиони евра (45%) се од финансии издвоени од самите компании. Во периодот финансиската поддршка е дадена за 669 проекти. Просечната вредност на проектите изнесува 132,236 евра, од кои 73,893 се ко-финансирани од ФИТР додека останатите 58,343 се ко-финансирани од самите компании. Финансиската поддршка ја искористиле 600 компании, од кои што 533 имаат користено поддршка за 1 проект, 65 компании поддршка за 2 проекти и 2 компании поддршка за 3 проекти (вкупно 669 проекти).

*График 28. Број на финансирани проекти според програма, ФИРТ, 2019-2021*




[36] https://fitr.mk/
[37] https://fitr.mk/wp-content/uploads/2021/12/FITR_REP_V1.50-1.pdf

Програмите за финансирање на проектите имаат два извори “План за Економски развој” од Владата на Република Северна Македонија и заем од “Светска Банка”. Според програмата, најголем процент или 398 (59%) од 669 се во рамките на “Планот за економски раст” со вкупна вредност од 55.80 милиони евра. Втора програма е со заем од “Светска Банка (WB SDIS)” преку која се ко-финансирани 191 проекти со вкупна вредност од 12.99 милиони евра. Последна е комбинираната програма креирана од “Светска Банка” и “Планот за Економски развој” преку која се финансирани 80 проекти со вкупна вредност од 19.68 милиони евра. Како што се анализира и во продолжение на извештајот, финансиите од “Светска Банка” во поголем процент се искористени за финансиска поддршка на новоосновани “Start-Up” претпријатија. Имајќи во предвид дека најчесто се финансирани “Start-Up”, микро и мали компании кои имаат просечни приходи помеѓу 100,000 – 1,000,000 евра годишно, просечната вредност на проектите учествува со значителен процент во вкупниот приход на компаниите.

Анализата укажува на потреби од дополнителна едукација на претпријатијата креирање на програми за обука и едукација на компании кои немаат добиено (или немаат потреба) финансии, како и обуки на претприемачите кои започнуваат нов бизнис и консултирање при воспоставување на бизнисите ќе ја зголеми веројатноста за успех и остварување на подобри финансиски резултати за пократок временски интервал.

Сепак, поддршката не ги задоволува целосно потребите на новоформираните македонски компании и потребите на МСП во рана фаза, така што Фондот го проширува своето портфолио и ко-инвестира во трите водечки стартап акцелератори во земјата, и тоа Акцелератор УКИМ (Скопје), Сеавус Акцелератор (Скопје) и Акцелератор Х Фактор (Велес) за да се развијат и понудат на пазарот дополнителни механизми за поддршка на приватниот сектор.

Неколку комерцијалните банки во 2021, најчесто во соработка со Европската банка за обнова и развој нудеа кредитни линии за зголемување на конкурентноста и воведување на мерки за енергетска ефикасност или обновливи извори на енергија придружени со грант, поволни каматни стапки и бесплатна техничка поддршка.

## 7. Општествена одговорност и Цели за одржлив развој на Обединетите нации

Општествената одговорност претставува одговорност на претпријатието за влијанието на неговите одлуки и активности врз општеството и животната средина. Тоа се постигнува преку транспарентно и етичко однесување кое придонесува кон одржливиот развој и ги зема предвид очекувањата на засегнатите страни, во согласност е со меѓународните норми и е интегрирано низ целото претпријатие.[38]

Светската комисија за животна средина и развој (позната како Brutland комисија) го дефинира одржливиот развој како развој кој ги задоволува потребите на сегашните генерации, без да ја загрози можноста на идните генерации да ги задоволат своите потреби.

Одржливиот развој вклучува три взаемно зависни и испреплетени димензии:

• Економска димензија (економски ресурси, развој и раст)

• Димензија на животната средина (природни ресурси, заштита и одржливо користење на природата и превенција и борба против загадувањето)

• Социјална димензија (социјални ресурси, солидарност и борба против сиромаштијата).[39]

Во септември 2015, сите 193 земји членки на Обединетите нации усвоија план за креирање на подобра иднина за сите, определувајќи ја патеката за наредните 15 години, со цел ставање крај на екстремната сиромаштија, нееднаквоста, неправдите и заштита на планетата, преку целите на одржлив развој (ЦОР). Овие цели претставуваат јасна визија за одржлива иднина, во 17 сфери на дејствување. Глобалниот договор на ОН презема водство во претворање на овие цели во двигатели за одржлив бизнис. Економски и социјални придобивки и придобивки за животната средина се приоритетите за целиот свет. Во

[38] https://konekt.org.mk/klub-na-odgovorni-biznisi/shto-e-oop/

[39] Национална стратегија за одржлив развој, https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2014/12/Predlog-Nacionalna-Strategija-za-Odrzliv-Razvoj-vo-RM-DEL-I.pdf

Република Северна Македонија организација–домаќин на Мрежата на глобалниот договор е Здружението Конект[40].

Република Северна Македонија има донесено Среднорочна стратегија за општествена одговорност за период 2019-2023 година. Согласно истата, претпријатијата а особено микро, малите и средните, ја надминуваат фазата на подигање на јавната свест за развојот на општествена одговорност и имаат потреба од понапредна поддршка во нејзината примена. Европската комисија во 2011 година, започна нова политика во оваа област, која вклучува мерки за подобрување и следење на нивото на доверба во бизнисот, подобрување на процесот на саморегулирање и корегулација, зголемување на пазарната награда за општествената одговорност, подобрување на објавувањето од компаниите на социјални и информации за животната средина како и усогласување на европските и глобалните пристапи кон општествената одговорност.[41]

Со цел поддршка на општествено одговорни бизниси и Целите на одржлив развој, во 2021 година[42]:

- создадена заедница на компании што градат култура на интегритет во бизнис секторот преку платформата Бизнис без корупција www.bezkorupcija.mk;
- одржани се обуки за борба против корупција, па компаниите дел од тие обуки полесно ја препознаваат и знаат да се заштитат од корупцијата. Најголем дел од обучените компании припаѓаат на микро, мали и средни компании;
- создадена е платформа за меѓу-секторски партнерства помеѓу бизнисите, граѓанските здруженија и граѓаните преку која се спроведени 4 заеднички проекти поврзани со Целите 2,3,4,5,8 и 13 за одржлив развој. Во имплементацијата на овие проекти се вклучиле претставници од приватниот сектор, индивидуални донатори и корпоративни волонтери, а со нив им било овозможено на над 200 млади од кои 32% од семејства со ниски примања да ја зголемат својата вработливост; на 4 самохрани родителки припаднички на групата под

[40] www.konekt.org.mk
[41] https://www.economy.gov.mk/mk-MK/news/strategii-2753.nspx
[42] https://drive.google.com/drive/folders/1BH4eBsBLEuAf5-GqyOL_34zg4RtGXLLC

прагот на сиромаштија финансиски да се зајакнат преку стекнување вештини за самовработување; на 100 припадници на малцинско маргинализирано население од кои 72 деца од улица преку едукација и менување на животните навики да се реинтегрираат во општеството и на 100 жени од руралните средини да добијат платформа како одржливо решение за продажба на нивните производи.[43]

Понатаму, Координативното тело за општествена одговорност на претпријатија и Министерството за економија на Република Северна Македонија во 2021 година спровеле Национална награда  за најдобри општествено одговорни практики со што директно влијаат на подигнување на свеста за оваа тематика на ММСП. Наградите се однесуваат на неколку операции од операциите на компаниите и тоа: однос кон вработените, етичко управување, односи на пазарот кон снабдувачите, потрошувачите или купувачите; однос кон животната средина како и вложување во заедницата.[44]

Со цел остварување на Целите на одржлив развој и поттикнување на општествената одговорност кај микро, малите и средни претпријатија потребно е:

1) Да се направи ревизија на Националната стратегија за одржлив развој 2013-2030 со цел целосно усогласување на истата со постоечките и претстојните европски развојни цели, и таргетирање и приоретизирање на најранливите категории и сектори, планирање на ресурси, дефинирање на конкретни, јасни и лесни механизми за спроведување на Целите на одржлив развој (ЦОР) и нивно следење;

2) Да се продолжи со градење на меѓу-секторски партнерства за одржлив развој;

3) Да се зајакне институционалната инфраструктура за остварување на ЦОР. Националниот совет за одржлив развој има солиден состав и силни ингеренции во однос на креирањето на политиките за одржлив развој и координација на процесот, меѓутоа досега покажал слаба активност. Непостоењето јасна рамка за спроведување на ЦОР е видлива и во

[43] Проектите реализирани во 2021 година се: Летна школа за финансиска писменост, Женски рурален е-пазар, Побезбедни и посигурни во време на пандемска криза и Урбани градини – решение за гладта и климатските промени

[44] Достапно на: https://economy.gov.mk/mk-MK/news/oglasi-2980.nspx

непостоењето посебни програми или акциски планови во самите министерства, при што единствена стратегиска рамка е Рамката на ОН за развојна помош;[45]

4) Да се даде посебен фокус на дефинираните приоритети/цели за кои постои широк консензус помеѓу засегнатите страни инволвирани во процесот, а тоа се: Цел 8 - Промовирање инклузивен и одржлив економски раст, целосно и продуктивно вработување и пристојна работа за сите; Цел 9 - Изградба на приспособлива инфраструктура, промовирање инклузивна и одржлива индустријализација и поттикнување иновации; и Цел 16 - Промовирање мирни и инклузивни општества за одржлив развој, обезбедување пристап до правдата за сите и градење ефикасни, одговорни и инклузивни институции на сите нивоа. [46]

[45] http://konekt.org.mk/sdgs/publikacii/

[46] http://konekt.org.mk/sdgs/wp-content/uploads/2019/04/Akciski-plan-za-SDG.pdf

## Користена литература


АВРСМ, 2022. Анкета за потреба од вештини на пазарот на трудот во РСМ за 2021 година.

АВРСМ, 2022. Оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2022 година.

АВРСМ, 2022. Годишен извештај за 2021 година.

Агенција за поддршка на претприемништво на Република Македонија, 2021. Годишен извештај за секторот на МСП за 2020 година.

Годишна информација за плаќањата во Република Северна Македонија во 2021 година, НБРСМ.

Државен завод за статистика на Република Северна Македонија. МАКСтат - база на податоци. 2022. https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef

INTERNATIONAL MONETARY FUND. (2021). *WORLD ECONOMIC OUTLOOK 2021 OCT*.

INTERNATIONAL MONETARY FUND. (2022). *WORLD ECONOMIC OUTLOOK Update 2022 JAN*.

Еуростат. 2022.

Занаетчиска комора Скопје. 2022.

Закон за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица („Службен весник на Република Македонија“ бр. 84/2005).

Закон за трговски друштва (Службен весник на РСМ, бр. 28/2004).
Статистички билтен на Централен регистар 2021, ЦР на РСМ.

Иницијатива за демократија на Западен Балкан, 2021. Нееднаквост во време на Корона ефекти од пандемијата Ковид -19 врз македонската економија.

Макстат. 2022. Државен завод за статистика.

Квартален економски извештај - четврти квартал 2021 година. Министерство за финансии на РСМ, 2022.

Народна банка на Република Северна Македонија, 2022. Годишен извештај за 2021 година.

Национална стратегија за иновации 2012-2020, Министерство за економија на РСМ.

Национална стратегијата за конкурентност со акционен план на македонската економија 2016-2020, Министерство за економија на РСМ.

Национална стратегија за развој на занаетчиството и акционен план 2012-2020, Министерство за економија на РСМ.

Преглед на е-трговијата во Република Северна Македонија и споредба со регионот и европските земји 2022.

Стратегија за развој на женско претприемништво во РМ (2019-2023), Министерство за економија на РСМ.

Светска банка, 2022. Economy profile of North Macedonia.

Temova, et al. (2021) Education as an entrepreneurial driver. Post-Pandemic Sustainability in Europe.

Централен Регистар на Република Северна Македонија, 2022.